# СУДСКАТА ЕФИКАСНОСТ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО КОРУПЦИЈАТА

**Извештај од проектот „Програма за набљудување на судски предмети во врска со корупцијата во Република Македонија“**

**Скопје, јануари 2011 година**

СУДСКАТА ЕФИКАСНОСТ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО КОРУПЦИЈАТА
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Извештај од проектот *„Програма за набљудување на судски предмети во врска со корупцијата во Република Македонија“*

Издавач:**Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“**

Уредник: **м-р Славица Димитриевска, програмски директор/ координатор на проект**

Автор: **проф. д-р Ѓорѓи Сламков**

Имплементатор на проектот: **Коалиција „Сите за правично судење“**

Соработници: **Даниел Митковски - проектен асистент**

Лектура: **Тамара Буштреска**

Дизајн и печат: **2 Август С, Штип**

Тираж: **300**

Овој проект е делумно поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата, и заклучоците, или препораките изнесени овде се на авторот(ите), и не ги одразуваат оние на Стејт Департментот на САД.

**Содржина**


1. Вовед и методологија на истражувањето 5

   1.1. Континуитет на проектот 5

   1.2. Цели на истражувањето 6

   1.3. Инструмент на истражувањето 7

2. Анализа на резултатите од набљудувањето на предметите од областа на корупцијата во 2010 година 9

   2.1. Општи податоци за набљудуваните предмети 10

   2.2. Карактеристики на сторителите на кривични дела од областа на корупцијата 15

   2.3. Предистражна постапка 19

   2.4. Истрага 21

   2.5. Посебни истражни мерки 23

   2.6. Обвинителен акт и приговор на обвинителен акт 25

   2.7. Мерки за обезбедување присуство во текот на кривичната постапка 27

   2.8. Главен претрес 32

   2.9. Пресуда и казнена политика 41

   2.10. Стандарди за фер и правично судење 48

3. Анализа на резултатите од интервјуата со судиите 49

4. Заклучоци и препораки 57

5. Користена литература 63

**Список на најчесто употребувани кратенки**

**ЕКЧП –** Европска конвенција за човекови права

**ЕСЧП** – Европски суд за човекови права

**ЗКП –** Закон за кривична постапка

**ЈО** - Јавно обвинителство

**КЗ –** Кривичен законик

**МВР** – Министерство за внатрешни работи

**ОС** – Основен суд

**УРМ** – Устав на Република Македонија

**ОЈО** - Основно јавно обвинителство

## 1. Вовед и методологија на истражувањето

Проектот **„Програма за набљудување на судски предмети во врска со корупцијата во Република Македонија“** веќе трета година по ред се спроведува низ судовите на Република Македонија.[1] Неговата реализација се базира на набљудување на определен број коруптивни предмети низ основните судови, врз основа на што се извлекуваат заклучоци за ефикасноста на надлежните органи во борбата против корупцијата, но и за почитувањето на човековите слободи и права, гарантирани со Уставот и законите, пред судовите во кривичната постапка.

### 1.1. Континуитет на проектот

Корупцијата е појава присутна во сите држави во светот без оглед на степенот на општествен и политички развој. Речиси е невозможно да се утврди вистинската распространетост на корупцијата во светот затоа што не постојат сигурни податоци за тоа, односно станува збор за криминалитет со висока темна бројка. Проблемите околу нејзиното откривање и докажување настануваат поради фактот што најчесто, како извршители на коруптивните дела се јавуваат лица на одговорни работни места, пред сè во државни органи, јавни служби и други јавни институции и установи, кои решаваат за одредени права и должности на граѓаните и правните лица.

Поаѓајки од сериозните штетни последици на корупцијата по системот и неговото функционирање Коалицијата „Сите за правично судење“ преку проектот настојува да ги изнајде слабите точки во реализацијата на кривичната правда при пресудувањето на коруптивните дела, имајќи ја предвид целата кривична постапка, согласно ЗКП, како и принципите за фер и правично судење втемелени во најзначајните европски правни акти.

Проектот „Програма за набљудување на судски предмети во врска со корупцијата во Република Македонија“ е започнат во 2008 година. Сепак, корените на проектот се јавуваат во 2007 година преку шестмесечната пилот фаза именувана како „Проценка на потребата за развој на програма за набљудување на судски постапки во врска со корупцијата во Република Македонија“ реализирана од страна на Коалицијата „Сите за правично судење“ во соработка со НВО

[1] За Основниот суд Скопје I истражувањето опфати податоци во периодот 01.01.2010 – 31.12.2010, додека за останатите судови во периодот 01.04.2010 – 31.12.2010,

„Транспарентност – Нулта Корупција“. Со пилот проектот беше извршено определување на кривичните дела во врска со корупцијата[2], беа собрани значајни емпирски материјали што го трасираа патот кон идните истражувања во областа на корупцијата, а со него се овозможи на површина да излезат и бидат забележани повеќе проблеми со кои се соочуваат органите на прогонот при работење на предметите поврзани со корупција.

Повеќегодишниот континуитет на проектот овозможува создавање на продлабочена слика за состојбите на ова поле, како и за способностите на судството за справување со коруптивните предмети. Од значење е и можноста за креирање компаративна анализа, со која преку споредување на резултатите од годишните извештаи ќе се забележи прогресот во работењето на судовите во предметите со елементи на корупција.

Во горенаведеното го наоѓаме и мотивот на Коалицијата „Сите за правично судење“ за продолжување на набљудувањето на судските предмети од овој вид и во текот на 2010 година. Набљудувањето завршува со заклучоци за констатираната состојба како и со препораки за јакнење на капацитетите на судството, имајќи предвид дека корупцијата е општествено штетна појава со силно влијание врз работата на институциите.

### 1.2. Цели на истражувањето

Истражувањето содржи неколку цели, и тоа:

I. Анализа на резултатите добиени од набљудувањето на судските предмети во врска со коруптивните кривични дела,
II. Детално разгледување на сите фази на судската постапка,
III. Утврдување на профилот на сторителите на коруптивни кривични дела,
IV. Утврдување на должината на судските постапки и почитување на правото за судење во разумен рок,
V. Анализа на почитувањето на стандардите за фер и правично судење, како и
VI. Анализа на казнената политика на судовите кон сторителите на коруптивни кривични дела.

---

[2] Со дефиницијата за корупција содржана во рамките на проектот „Проценка на потребата за развој на програма за набљудување на судски постапки во врска со корупцијата во Република Македонија“ опфатени се 24 кривични дела, и тоа: поткуп при избори и гласање, измама, измамување на купувачи, неовластено примање подароци, лажен стечај, предизвикување стечај со несовесно работење, злоупотреба на постапка за стечај, оштетување или повластување на доверители, перење пари и други приноси од казниво дело, измама при работење со хартии од вредност и удели, оддавање и неовластено прибавување деловна тајна, злоупотреба на службена положба и овластување, проневера во служба, измама во служба, послужување во служба, примање на поткуп, давање на поткуп, противзаконито посредување, прикривање на потекло на несразмерно стекнат имот, оддавање службена тајна, злоупотреба на државна, службена или воена тајна, фалсификување на службена исправа, противзаконска наплата или исплата и незаконско влијание врз сведоци.

Поставените цели даваат делумен одговор на прашањата поврзани со судската ефикасност за справување со коруптивните дела. Сепак целосното и квалитетно исполнување на посебните цели, и нивното поврзување во една целина, ќе ни овозможи градење на реална слика за актуелната состојба како и предвидување на следните чекори за подобрување на судската ефикасност, се разбира преку почитување на гарантираните слободи и права.

### 1.3. Инструмент на истражувањето

Истражувањето се спроведе врз основа на однапред подготвен инструмент - прашалник за набљудување составен од 64 прашања. Покрај тоа, набљудувачите (тим од правници со претходно искуство во набљудување на овој вид кривични дела) имаа можност да наведат свои забелешки на водењето и текот на постапката.

Содржината на прашалникот ги опфаќа сите стадиуми на кривичната постапка и преку неговата концепција се овозможува добивање информации за посебните сегменти на предметот на истражување:

- Пред кој суд се води предметот, број на членови на судскиот совет и име и презиме на претседателот на советот,
- Датум кога се врши набљудувањето, времетраење на рочиштето, како и кое рочиште е по ред за конкретниот предмет,
- Податоци за обвинетиот,
- Кривично дело и опис на конкретниот случај за кој се води постапката,
- Интервал на сторувањето на кривичното дело, од моментот на извршување на првите дејствија до моментот кога е откриено,
- Дали е спроведена истрага/ и доколку е, колку време траела истрагата,
- Дали било наредено преземање на посебни истражни мерки,
- Колку време поминало од поднесување на обвинителниот акт до закажување на првото рочиште/ дали обвинетиот поднел приговор на обвинителниот акт,
- Дали е извршена уредна достава на лицата чие присуство е потребно на главниот претрес,
- Податоци во колку случаи се суди во отсуство или е издадена наредба за приведување,
- Дали се наредени мерки со кои се обезбедува присуство на обвинетиот,
- Дали е изречена мерка притвор/ доколку е изречена, на која основа и времетраење на притворот,
- Податоци за главен претрес,
- Причини за одложување и прекин на главниот претрес,

- Дали судот изрекол казна за бранителот (или друго лице) којшто го навредува судот или друго лице во постапката,
- Текот на доказната постапка пред судот (со акцент на сведочењето и вештачењето),
- Податоци за пресудата (кога е објавена пресудата, видот на пресудата и на кривичната санкција, дали судот одлучил за одземање на имотна корист односно изрекол проширена конфискација на имот),
- Дали се испочитувани стандардите за фер и правично судење,
- Колку време поминало од отпочнувањето на судската постапка до објавување на пресудата.

Покрај горенаведениот прашалник, податоци за истражувањето беа обезбедени и преку непосредни интервјуа со судии од основните судови.[3] Концепцијата на интервјуата беше да се опфати целата постапка, како и да се слушне мислењето на судиите за квалитетот на мониторингот што го спроведува Коалицијата во оваа осетлива област. Прашалникот/инервјуата структурно беа составени од четири дела:

**Дел 1. Состојба**

1) Дали сметате дека корупцијата во општеството е во пораст?

2) Дали забележувате пораст на предметите за коруптивни кривични дела?

3) Дали сметате дека органите на прогонот успешно ги идентификуваат?

**Дел 2. Постапка**

4) На што се должи состојбата предметите со поголем број на обвинети и квалификувани како организиран криминал да добијат завршница побрзо од релативно поедноставните предмети во другите судови?

5) Според искуството на Коалицијата, во минатите години се забележуваше тенденција на последователен изостанок на обвинетите лица и бранителите (па дури и сведоците), во насока на одолговлекување на постапките. Дали сè уште се случува тоа?

6) Кои мерки (според вас) треба да се преземат за да се скрати траењето на постапката?

7) Дали постои пракса за изрекување притвор за обезбедување присуство на обвинето лице и поднесување на трошоците заради изостанок на бранителот од чл. 316 и 317 од ЗКП и колку често истите се користат?

8) Дали во предметите располагате со доволно обезбедени докази?

---

[3] Во 2010 година набљудувањето на судските предмети со елементи на корупција се спроведе во осум основни судови во Република Македонија, и тоа: Битола, Велес, Кавадарци, Кочани, Скопје I, Струмица, Тетово и Штип (минатата година во набљудувањето беше вклучен и ОС Охрид).

9) Дали сте се сретнале со со пречки и одолговлекување во случаи каде сте побарале да се доставаат определени докази?

10) Дали забележувате подобрување во кривичниот прогон по примената на ПИМ?

11) Сметате ли дека притворот се користи во соодветна мера?

12) Дали другите мерки за обезбедување на присуство се користат доволно?

**Дел 3. Казнена политика**

13) Сметате ли дека казнената политика е соодветна за овој вид на кривични дела?

14) Дали судската пракса покажува тенденција на судење во законските минимуми за казните па дури и вонредно ублажување на казните?

15) Колку често во пресудите се изрекува мерка конфискација на имот, имајќи предвид дека коруптивните кривични дела скоро секогаш со себе носат елемент на стекнување на противправна имотна корист?

16) Што треба генерално да се подобри во насока на подобрување на борбата против коруптивните дела во општеството?

**Дел 4. Набљудување и соработка**

17) Како ја оценувате работата на Коалицијата ,,Сите за правично судење‘‘ и дали сметате дека повеќегодишниот мониторинг на судски предмети и анализите кои произлегуваат од него придонесуваат кон подобрување на состојбата во правосудството?

18) Дали имате забелешки во однос на набљудувачите, како и во целост на работата на Коалиција ,,Сите за правично судење‘‘?

19) Предлози и совети за заедничка работа, работилници на Академијата за судии и јавни обвинители, друг вид на активности.

## 2. Анализа на резултатите од набљудувањето на предметите од областа на корупцијата во 2010 година

Во споредба со извештаите од претходните години, во 2010 година од страна на набљудувачите се регистрирани состојби што укажуваат на подобрување во одредени области, но истовремено се забележани и слабости во подрачја каде претходно состојбите добиле позитивен правец.

Се потенцира поголемото внимание што се посветува на принципот за судење во разумен рок, податоците укажуваат на зголемена ефикасност и пократко траење на судските постапки. Само во ретки случаи се судело во отсуство на обвинетиот, по правило рочиштата се спроведени во присуство на обвинетиот, што

значи дека тој имал можност директно и непосредно да учествува во својата одбрана.

Се забележува преблага казнена политика кон сторителите на коруптивни кривични дела. Најчесто казните се движат околу посебниот законски минимум, што наидува во расчекор со настојувањата за посериозна заштита на добрата што се штитат со овие кривични дела, истовремено загрозувајќи ги генералната и специјалната превенција на казнувањето.

Мотив за извршување на коруптивните кривични дела е материјалната добивка, затоа како контрамотив треба да дејствува одземањето на противправно стекнатиот имот, односно конфискацијата, а посебно проширената конфискација. Набљудувачите утврдиле незначителна примена на овие инструменти, посебно на проширената конфискација. Во иднина работите мора да се променат кон почеста примена на одземањето на противправна добивка, посебно преку проширена конфискација.

Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија во 2010 година потенцира дека е постигнат напредок во антикорупциската политика, но и дека корупцијата останува широко распространета во многу области и продолжува да биде сериозен проблем. [4]

### 2.1. Општи податоци за набљудуваните предмети

- **Број на набљудувани предмети по основни судови**




Во текот на 2010 година набљудувачкиот тим на Коалицијата изврши мониторинг врз кривичните постапки на 154 предмети за коруптивни кривични дела што се процесуираа пред основните судови во Република Македонија. Во

[4] The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2010 Progress Report, European Commission Brussels, 9 November 2010, стр. 58

однос на нивната распределеност по основните судови, може да се заклучи дека најголем процент од набљудуваните предмети отпаѓа на Основниот суд Битола, односно 33,12% или една третина од сите предмети. Неговата спротивност ја гледаме во Основниот суд Тетово каде се водени само 1,3% или 2 предмети. Останатите судови се групирани во две целини, и тоа, од 11% до 17% каде се вбројуваат судовите во Штип, Велес и Скопје, и од 7% до 10%, односно судовите во Кавадарци, Кочани и Струмица.

- **За кое кривично дело се води постапката**




Во текот на истражувањето се набљудувани судски постапки во 154 предмети, и притоа за одбележување е фактот дека во некои од предметите постапката се водела по повеќе членови од КЗ, па како резултат на тоа со набљудувањето се опфатени 175 кривични дела.

Во однос на набљудуваните кривични дела може да се констатира дека најмногу е застапено кривичното дело од членот 353 од КЗ – *злоупотреба на службена положба и овластување*, и тоа 75 од вкупно 175 дела се однесуваат на него, односно околу 40%, или ова дело е предмет на постапка приближно во 50% од набљудуваните предмети. Второто место му припаѓа на член 247 од КЗ – односно делото *измама*, за кое се води постапка во 58 предмети. Во остатокот од набљудуваните предмети се среќаваме со други кривични дела, но во многу помал

обем. Така, кривичното дело *злосторничко здружување* - член 394 од КЗ е содржано во седум предмети, кривичното дело *оштетување или повластување доверители* – член 257 од КЗ е присутно во пет предмети, по четири пати во предметите се среќаваат кривичните дела *примање поткуп* – член 357 од КЗ, *фалсификување исправа* – член 378 од КЗ и затајување - член 239 од КЗ. Кривичните дела *даночно затајување* – член 279 од КЗ и *перење пари и други приноси* од казниво дело – член 273 од КЗ се среќаваат по три пати во предметите. По два пати во набљудуваните предмети ги имаме кривичните дела *лажен стечај* – член 254 од КЗ, *фалсификување на службена исправа* – член 361 од КЗ, *неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори* – член 215 од КЗ и *недозволено производство* – член 276 од КЗ. Само по еднаш во предметите се содржани кривичните дела *прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама* – член 278 б од КЗ, член 60 од закон за акцизи, *проневера во служба* – член 354 од КЗ и *измамување на купувачи* - член 248 од КЗ.

Од погоре споменатото се забележува дека кривичните дела *злоупотреба на службена положба и овластување и измама* доминираат во секој аспект, односно од вкупно 175 кривични дела за кои се водела постапка тие опфаќаат 133 дела или од вкупно 154 набљудувани предмети се среќаваат во 133 предмети, т.е., во околу 85% од предметите.

Доколку се направи компарација со резултатите од минатогодишното истражување,[5] ќе се заклучи дека во однос на доминантните кривични дела за кои се водат постапките состојбата е во голема мера идентична, односно од вкупно 110 постапки 68 за предмет го имале кривичното дело *злоупотреба на службена положба и овластување*, додека 32 кривичното дело *измама*.

Од набљудуваните постапки најмногу кривични дела се содржани во предметите пред Основниот суд Битола – 51 кривично дело, веднаш до него е Основниот суд Скопје I со 47 кривични дела. И покрај тоа што квантитативно се блиску сепак квалитативно помеѓу овие два суда има големи разлики. Така, доколку ги споредиме овие судови во однос нај најчестите кривични дела ќе заклучиме дека во Основниот суд Битола делото *измама* е содржано во 25 постапки, додека во Основниот суд Скопје I делото *измама* се јавува во 3 постапки. Во однос на делото *злоупотреба на службена положба и овластување* во Основниот суд Битола се водени 20 постапки, а во Основниот суд Скопје I 18 постапки. Во Основниот суд Битола останати кривични дела за кои се набљудувала постапката се: *оштетување или повластување на доверители* (во четири предмети), *проневера во служба* (еден предмет) и *измамување на купувачи* (еден предмет). За разлика од него во Основниот суд Скопје I постои поразновидна слика

[5] Предмет на набљудување беа 110 постапки (се однесуваа само на девет кривични дела), Судска ефикасност во справувањето со корупцијата во Република Македонија, Коалиција „Сите за правично судење", Скопје февруари 2010 година, стр, 9

на кривични дела за кои се набљудувала постапката, и тоа (покрај *измама* и *злоупотреба на службена положба и овластување*): *даночно затајување* (два предмети), *примање поткуп* (четири предмети), *прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама* (еден предмет), член 60 од закон за акцизи (еден предмет), *фалсификување исправа* (четири предмети), *перење пари и други приноси* од казниво дело (три предмети), *злосторничко здружување* (седум предмети), *неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори* (два предмети) и *недозволено производство* (два предмети). Во споредбата треба да се спомне уште еден факт, имено во Основниот суд Битола е извршено набљудување на 51 предмет за 51 кривично дело од областа на корупцијата, што значи дека секоја постапка се водела за едно кривично дело. Од друга страна, во Основниот суд Скопје I се набљудувани 25 предмети за 47 кривични дела, односно некои од предметите опфаќале повеќе коруптивни кривични дела.

Во Основниот суд Велес се набљудувале постапки за 20 кривични дела, и тоа: *злоупотреба на службена положба и овластување* (десет предмети), *измама* (осум предмети), *даночно затајување* (еден предмет) и *фалсификување на службена исправа* (еден предмет). Слична е состојбата кај Основниот суд Штип – постапки за 17 кривични дела: *злоупотреба на службена положба и овластување* (девет предмети), *измама* (три предмети), *затајување* (три предмети), *лажен стечај* (еден предмет) и *оштетување или повластување на доверители* (еден предмет).

Во Основниот суд Струмица мониторингот опфаќа постапки за 15 кривични дела, и тоа: *злоупотреба на службена положба и овластување* (шест предмети), *измама* (осум предмети) и лажен стечај (еден предмет). Слична структура среќаваме во набљудуваните постапки при Основниот суд Кочани, односно *злоупотреба на службена положба и овластување* (десет предмети), *измама* (еден предмет) и *затајување* (еден предмет). Набљудувањето при Основниот суд Кавадарци се однесува на постапки за 11 кривични дела: з*лоупотреба на службена положба и овластување* (еден предмет), *измама* (девет предмети) и *фалсификување на службена исправа* (еден предмет). И конечно, набљудувањето на Основниот суд Тетово се однесува на две кривични дела: *злоупотреба на службена положба и овластување* (еден предмет) и *измама* (еден предмет).

Доколку податоците за број на предмети и на кривични дела ги поставиме на ниво на апелациони подрачја тогаш можеме да констатираме дека во најголемото – Скопското апелационо подрачје биле набљудувани 56 предмети со 78 кривични дела (во Основните судови во Скопје, Велес и Кавадарци), во Битолското апелационо подрачје е извршено набљудување на 51 предмет со 51 кривично дело (сите во Основниот суд Битола), Штипското апелационо подрачје е на нивото на претходно спомнатите со вкупно 45 набљудувани предмети (Основните судови Штип, Струмица и Кочани), додека во Гостиварското

апелационо подрачје се набљудувани најмалку предмети – 2 (во Основниот суд Тетово).




Од вкупно 24 кривични дела опфатени со дефиницијата за корупција содржана во рамките на проектот „Проценка на потребата за развој на програма за набљудување на судски постапки во врска со корупцијата во Република Македонија“ со набљудувањето за 2010 година се опфатени предмети со 17 коруптивни кривични дела. Притоа се констатира апсолутна доминација на две коруптивни кривични дела – *злоупотреба на службена положба и овластување* и *измама*. Веќе е споменато дека од вкупно 175 кривични дела за кои се водела постапка тие опфаќаат 133 дела или од вкупно 154 набљудувани предмети се среќаваат во 133 предмети. Ваквата состојба ни наметнува да заклучиме дека останатите коруптивни кривични дела (содржани во истражувањето) многу ретко се извршуваат во реалноста или пак оперативните способности на органите на прогонот овозможуваат ефикасно справување само со споменатите две коруптивни кривични дела – *злоупотреба на службена положба и овластување* и *измама.*

## 2.2. Карактеристики на сторителите на кривични дела од областа на корупцијата

- **Обвинети лица по кривични дела**

Со истражувањето се набљудувани 154 предмети со корупциски кривични дела, каде во својство на обвинет се јавуваат 468 лица. За одбележување е фактот дека во 90 предмети како обвинет се јавува едно лице, во 38 предмети во својство на обвинет се јавуваат две лица, а во продолжение како се зголемува бројот на обвинети лица така се намалува бројот на предмети. Имено најголемиот предмет се состои од 36 обвинети лица. Ова нé упатува на заклучокот дека коруптивните кривични дела главно се самостојни или се сторени со учество на двајца субјекти во извршувањето на делото, со цел да се зачува конспиративноста како и да се продолжи со натамошните криминални активности.




- **Број на обвинети лица по кривично дело**

Бројот на обвинети лица во предметите опфатени со истражувањето е 468, но треба да се има предвид фактот дека некои лица се обвинети за две или повеќе кривични дела. Така за двете најчести дела, односно за кривичното дело

*злоупотреба на службена положба и овластување* се обвинети 281 лица, додека за делото *измама* се обвинети 104 лица. 141 лице се обвинети за кривичното дело *злосторничко здружување* што е сосема логично поаѓајки од неговиот карактер и законско битие. Како кривични дела што опфаќаат значаен број обвинети би ги спомнале и делото *примање поткуп* – 75 обвинети лица, делото *фалсификување исправа* – 58 обвинети, *перење пари и други приноси од казниво дело* – 18 обвинети. Накратко, бројот на обвинети лица изнесува 468, но поаѓајки од фактот дека некои од нив се обвинети за две или повеќе дела, може да се заклучи дека бројот на обвинети изнесува 771 лице. Ваквата состојба е резултат на постоењето стек при извршувањето на делото, без оглед дали е идеален или реален, што уште повеќе го зголемува казнениот материјал за пресудување.

Од карактеристиките што го определуваат профилот на сторителите на кривичните дела од областа на корупцијата, истражувањето ги опфаќа прашањата за возраста, местото на живеење, националноста, државјанството, како и нивното образование и поранешна осудуваност.

- **Место на живеење на обвинетите**




Според место на живеење, сторителите на коруптивни кривични дела најчесто ги лоцираме во градските средини. Имено, според информациите со кои располага Коалицијата со повисок процент се истакнуваат Скопје (26%), Битола (19%), Струмица (6%), Кавадарци, Кочани и Штип (секој по 4%). Околу 14% од обвинетите лица потекнуваат од рурални средини, додека меѓународниот елемент е незначителен (0,3%).

- **Возраст на обвинетите**




По однос на прашањето за возраста, иако се застапени сите старосни групи, сепак во најголем процент како сторители на коруптивни дела се јавуваат лицата кои припаѓаат на старосните групи од 46 до 55 години (24% или 110 лица) и од 36 до 45 години (20% или 92 лица). Најмало учество има во групата од 18 до 25 години (2%или 10 лица) и групата над 66 години (1% или 5 лица). Треба да се одбележи и тоа дека за 31% (143 лица) од обвинетите не е обезбеден податок за возраста.

- **Националност на обвинетите**




Според информациите со кои располага Коалицијата, најголем дел од обвинетите за коруптивни дела по националност се Македонци (71%), а за спомнување се и лицата од албанска националност (14%). Останатите националности се застапени со околу 3%, при што треба да се има предвид фактот дека за 12% од обвинетите нема податок за национална припадност.

- **Државјанство на обвинетите**




Истражувањето покажува најголем дел од обвинетите се државјани на Република Македонија (87,18%), странскиот елемнент е незначителен (0,43%). Од одреден број обвинети не е обезбеден податок за нивното државјанство (12,39%).

- **Образование на обвинетите**




Во поглед на образовната структура истражувањето покажа дека најчесто, сторители на коруптивните дела се лица со средно и високо образование (имаат ист процент – 27%), незначителен дел се со основно образование (6%). Сепак за 40% од обвинетите нема податок за степенот на образование.

- **Поранешна осудуваност на обвинетите**




Според информациите со кои располага Коалицијата, рецидивизмот не зазема значајно место во испитуваната популација. Имено 9% од обвинетите лица повторно доаѓаат во судир со законот, додека за 46% од обвинетите тоа се случува за прв пат. Сепак за цели 45% од обвинетите лица нема податок за поранешната осудуваност.

### 2.3. Предистражна постапка

Пред да започне формалната постапка потребно е преземање на низа од дејствија за утврдување дали е извршено кривично дело, за утврдување на неговиот сторител, и што е многу важно, собирање на доказен материјал. Активностите што се преземаат од страна на надлежните органи пред покренувањето на формалната постапка, ја градат предистражната постапка. Овде главно се работи за управна и криминалистичка постапка, која има за цел создавање на услови за почеток на кривичната постапка.

Носители на активностите во предистражната постапка се органите за внатрешни работи и јавниот обвинител, а по исклучок и истражниот судија. Сепак, главната улога во предистражната постапка ја има јавниот обвинител. Имено, тој ја координира работата на другите органи, им дава наредби, нему му доставуваат извештаи, и на крајот тој одлучува дали ќе поднесе барање за спроведување на истрага, односно за формалниот почеток на кривичната постапка.

- **Временски период од моментот на извршувањето на првите дејствија до моментот кога делото е откриено**

Ефикасноста во борбата против криминалитетот подразбира брзо откривање на извршените кривични дела, нивно документирање и спроведување на кривичните дела со носење пресуда. Корупциските кривични дела се карактеризираат со повисок степен на дискретност и таинственост, па поради тоа потешко се откриваат и имаат висока темна бројка. Ова може да се заклучи од податоците кои произлегуваат од мониторингот. Имено во 51 % од предметите кривичното дело е откриено во период од една година по неговото извршување, додека во 49 % тоа е направено во период подолг од една година.




**Период од моментот на извршувањето на делото до неговото откривање**

Ваквите податоци воопшто не се охрабрувачки и претставуваат индикатор дека органите за откривање на криминалот, посебно за корупциските кривични дела, треба да вложат дополнителни напори за побрзо и ефикасно справување со оваа форма на криминално поведение.

- **Поднесување на кривична пријава**

За да може овластениот тужител да иницира поведување на кривична постапка потребно е тој да поседува сознанија дека е извршено кривично дело. Постојат неколку основи или извори за започнување на кривичната постапка кои ја иницираат активноста на јавниот обвинител, како овластен тужител за кривични дела, за кои се гони по службена должност, а тоа се: кривична пријава, непосредно забележување на јавниот обвинител, глас и ноторност.

Во текот на мониторингот набљудувачите се интересираа за кривичната пријава, како повод, и за субјектот што ја поднесува кривичната пријава. Од податоците се констатира доминантната позиција на МВР при поднесувањето на кривични пријави (62 %), што произлегува од неговата оперативна поставеност, специфичните работни обврски, како и поголемиот број вработени во него, пред сè

на оперативни места. Јавниот обвинител е овластен државен орган за гонење на сторителите на кривични дела, кој согласно ЗКП има обврска да презема мерки за откривање на кривични дела и сторители и да ја насочува преткривичната постапка. Иако има силна законска позиција сепак ОЈО само во 14 % од предметите ја иницирал постапката, од каде произлегува заклучокот дека откривањето и иницирањето главно потекнува од МВР, од граѓани и други лица и органи.




Во иднина, со воведувањето на обвинителската истрага, работите најверојатно ќе се прооменат, односно ОЈО ќе биде движечката сила во овој стадиум, поткрепен од други тела, посебно правосудната полиција, како и од кадарот што ќе треба да го засили ОЈО.

### 2.4. Истрага

- **Дали е спроведена истрага**



Истрагата или претходната постапка е првиот стадиум на редовната кривична постапка. Нејзина основна цел е собирање на докази и податоци потребни за донесување одлука околу тоа дали има основа да се подигне обвинителен акт или пак нема таква основа, па постапката треба да се запре. Одлуката за подигање на обвинителен акт или за запирање на постапката ја донесува овластениот тужител, потпирајќи се на неговата увереност која ја заснова врз насобраните докази и податоци. Со други зборови, во неа овластените државни органи преземаат процесни дејствија насочени кон утврдување на постоењето на казненото дело, пронаоѓањето на неговиот сторител и откривањето на потребните докази.[6]

Според информациите со кои располага Коалицијата, истрага е спроведена во 83 % од предметите, додека во 17 % од предметите немало истрага.

- **Колку време траела истрагата**

Траењето на истрагата временски не е ограничено, односно таа се спроведува се додека постојат материјално-правни и процесно-правни претпоставки за нејзино водење и додека не се исполни нејзината цел. Меѓутоа, ако истрагата не заврши во рок од 90 дена, истражниот судија е должен да го извести претседателот на судот за причините поради кои истрагата не е завршена, по што претседателот на судот, по потреба, ќе преземе мерки за завршување на истрагата (чл.178 ЗКП).




---

[6] Во Службен весник на Р Македонија бр. 150/10 од 18.11.2010 година е објавен новиот Закон за кривична постапка. Во него, како една од најзначајните новости е воведувањето на обвинителската истрага со која се заменува актуелната судска истрага (во надлежност на истражниот судија). Голем број забелешки се ставени на судската истрага, односно се забележува дека истражниот судија не покажува енергија за откривање на нови факти туку неговата активност се состои во повторување и регистрирање во процесна форма на се она што е откриено од органите за внатрешни работи. На тој начин постапката прекумерно се одолговлекува при што се крши член 6 од ЕКЧП. Новиот закон ќе почне да се применува по истекот на две години од денот на влегување во сила.

- **Времетраење на истрага**

Од податоците со кои располага Коалицијата, произлегува дека во најголем број на предмети истрагата траела над три месеци, што во одредена мера може и да се разбере, бидејќи имаме предмети со поголем број обвинети лица, при што треба да се преземат повеќе истражни дејствија. Но многу тешко би се прифатил податокот дека за 4 предмети истрагата траела до 36 месеци, а за еден предмет дури 57 месеци. Имено, истрагата е прв стадиум во редовната постапка, но тоа не треба да значи дека по секоја цена треба да настојуваме во неа да го обезбедиме целиот доказен материјал, имено, до одреден доказ може да се стигне и во другите фази на постапката.

### 2.5. Посебни истражни мерки

- **Дали било наредено преземање на посебни истражни мерки**

Основна цел поради која се наредуваат посебните истражни мерки е обезбедување податоци и докази кои се неопходни за успешно водење на казнената постапка, а кои на друг начин не можат да бидат собрани или кога нивното собирање би било сврзано за поголеми трошоци, a за казнени дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години и за казнени дела за кои постои основано сомнение дека се извршени од страна на организирана група, банда или друго злосторничко здружение. Станува збор за осум мерки, секоја од нив со посебен карактер и цел, што треба да овозможат собирање на доказен материјал во оние предмети каде вообичаените криминалистички методи нема да бидат успешни.

Една од најапострофираните мерки е следењето на комуникации регулирана со посебен закон. Во членот 8 од Законот за следење на комуникации[7] наброени се поголем број на коруптивни кривични дела за кои може да се примени оваа мерка (*примање поткуп* од член 357, *давање поткуп* од член 358, *противзаконско посредување* од член 359, *перење пари и други приноси од казниво дело* од член 273, *злоупотреба на службена положба и овластување* од член 353, *проневера во служба од член* 354, *измама во служба* од член 355, *послужување во служба* од член 356 КЗ).

Во текот на мониторингот набљудувачите се интересирале за примената на посебните истражни мерки во набљудуваните предмети, и тоа - дали овие мерки се применети и доколку одговорот е позитивен, кои од мерките биле применети.

[7] Службен весник на Р Македонија, бр. 4/09




- **Примена на посебни истражни мерки**

Утврдено е дека од вкупно 154 предмети посебните истражни мерки се наредени во 10 предмети, а за 14 предмети нема податок дали истите се применети.




И покрај тоа што законодавецот пропишува осум мерки, сепак во набљудуваните предмети немаме разноликост, почесто се користени одреден број од нив, додека останатите не се применети.[8] Најмногу се користи мерката - тајно набљудување, следење во 6 од вкупно 10 предмети, потоа мерката – следење на комуникации во 2 предмети и мерката – користење на лица со прикриен идентитет во 2 предмети.

Интересен е податокот дека огромен дел од мерките се применети во предмети што се водат пред Основен суд Скопје I.

[8] Со новиот ЗКП се пропишани 12 посебни истражни мерки, член 252,




Само една мерка (тајно набљудување, следење) е применета во предмет што се водел пред Основниот суд Велес, останатите се применети во предмети пред Основниот суд Скопје I. Колку за потсетување. пред Основниот суд Скопје I се набљудувани 25 од вкупно 154 предмети за 47 кривични дела, со изразена хетерогеност, т.е., речиси за секое коруптивно дело имаме предмет пред судот во Скопје. Во предметите пред останатите шест суда, вклучени во истражувањето, не се применети посебни истражни мерки.

### 2.6. Обвинителен акт и приговор на обвинителен акт

Обвинувањето е еднострано процесно дејствие со силна изразеност на принципот на акузаторност, бидејќи подигањето обвинение целосно зависи од активноста на овластениот тужител. Обвинувањето има две значења - првото значење се состои во околноста што тоа служи како процесна претпоставка за натамошниот тек на казнената постапка, односно служи како претпоставка за одредување и одржување на главниот претрес. Второто значење на обвинувањето се состои во фактот што со него се одредува предметот и обемот на главниот претрес, односно со него се одредува дека на главниот претрес ќе се расправа само за она казнено дело кое е содржано во обвинувањето, и само против она лице што е содржано во него.

- **Колку време поминало од поднесување на обвинителниот акт до закажување на првото рочиште**

Претседателот на советот го закажува главниот претрес најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на обвинителниот акт во судот, а ако од страна на претседателот на советот е ставено барање за испитување на обвинителниот акт, согласно чл.291 ЗКП, главниот претрес може да се определи во согласност со одлуката на советот. Ако во тој рок не го закаже главниот претрес, претседателот на советот писмено ќе го извести претседателот на судот за причините поради кои

главниот претрес не е закажан, по што претседателот на судот, по потреба, ќе преземе мерки за главниот претрес да биде закажан (чл.295 ст.2 ЗКП).




Податоците на набљудувачкиот тим укажуваат дека во само 4 % од предметите е запазен законскиот рок. Најголемиот број на предмети се во групата од 91 до 180 дена (38 %), а како екстрем се јавува последната мерна единица – над 361 ден (9 %). Ваквата состојба е загрижувачка, имајки го на ум фактот дека и овој дел од постапката се зема предвид при проценка на судењето во разумен рок, а со тоа и почитувањето на член 6 став 1 од ЕКЧП.

- **Дали обвинетиот поднел приговор на обвинителниот акт - контрола на обвинение**

Обвинувањето е еднostран процесен акт што го содржи мислењето и предлогот на само една процесна странка, т.е., на тужителот. Меѓутоа, обвинувањето и изведувањето на граѓаните пред суд може да има негативни последици врз нивните права, слободи и интереси. Поради тоа, неопходно е претходно да се испита основаноста и законитоста на обвинението, со цел да се спречи неоснованото изведување на граѓаните пред суд.

Претходното испитување или контрола на обвинението се јавува на следните начини: по службена должност, по иницијатива на обвинетиот, ставена во приговор против обвинителниот акт и како испитување на обвинителниот акт и без приговор, по барање на претседателот на советот на пресудниот суд (чл.291 ЗКП).

Приговор против обвинителниот акт е правно средство со кое обвинетиот може од судот да бара испитување на неговата законитост и основаност, со што може да се спречи изнесување на кривичниот предмет на главен претрес. Испитувањето на обвинителниот акт по приговорот е сестрано, т.е., се врши во однос на неговата формална, во однос на неговата материјална заснованост, како и во однос на стварната и месната надлежност.




Податоците кои произлегуваат од истражувањето покажуваат дека од вкупно 154 предмети приговор против обвинителен акт е поднесен во 36 предмети, односно во 23 % од предметите, и притоа сите приговори биле одбиени. Праксата укажува  на тоа дека само во ретки случаи овие приговори се уважени. Така, со набљудувањето за 2009 година се регистрирани 18 приговори и сите биле одбиени, слични резултати презентира и истражувањето за 2008 година, односно од 75 поднесени приговори само 2 се прифатени. За одбележување е и фактот дека во мониторингот од 2010 година за 30 предмети нема податок дали е поднесен приговор против обвинителен акт.

### 2.7. Мерки за обезбедување присуство во текот на кривичната постапка

Спроведувањето на кривичната постапка наложува и присуство на определени лица (обвинетиот, сведоци, вештаци) при преземањето на процесните дејствија. Присуството на наведените категории лица при превземањето на определени дејствија во казнената постапка се обезбедува преку утврдување на законска должност за овие лица да се јават на судската покана. Доколку повиканите лица доброволно не се одзват на поканата тогаш нивното присуството се обезбедува со примена на  присилни мерки.

И покрај тоа што овие мерки се наменети за лица во различни својства. сепак главна фигура е обвинетиот. Така, во ЗКП се предвидени повеќе мерки за обезбедување на присуство на обвинетиот и за успешно водење на постапката, па се остава можност на органот кој постапува да ја избере онаа мерка која е најсоодветна во конкретниот случај, притоа водејќи сметка да не се применува потешка мерка ако истата цел може да се постигне со примена на поблага мерка. Најлесна мерка е поканата; потоа следи приведување; ветувањето на обвинетиот дека нема да го напушти  престојувалиштето односно живеалиштето; превентивни мерки, во кои се вбројуваат забрана за напуштање на живеалиштето, односно престојувалиштето, обврска на обвинетиот да се јавува повремено на одредено службено лице или кај надлежен државен орган, привремено одземање на патна или друга исправа за преминување на државната граница, односно забрана за

нејзино издавање, привремено одземање на возачка дозвола, односно забрана за нејзино издавање; гаранција; куќен притвор и притвор.

- **Примена на мерките со кои се обезбедува присуство на обвинетиот**

Според информациите со кои располага Коалицијата, во голем дел од предметите не се применети мерки за обезбедување присуство на обвинетиот. Имено од 154 предмети опфатени со набљудувањето дури во 118 предмети не е применета мерка за обезбедување присуство на обвинетиот. Треба да се има предвид фактот дека за 16 предмети нема податок околу примената на оваа мерка.

Врз основа на досега кажаното, произлегува дека мерките за обезбедување присуство на обвинетиот се изречени во преостанатите 20 предмети, и тоа. во некои од предметите се изречени повеќе мерки од ист или различен вид. Од податоците се забележува доминација на мерката притвор, додека на второто место се мерките куќен притвор и ветување – секоја има примена во 10 предмети. Останатите мерки се послабо применувани: одземање на патна исправа – 6 предмети, гаранција – 5 предмети, одземање на возачка дозвола – 4 предмети, додека мерките забрана за напуштање на живеалиште и јавување на службено лице е искажана во по 3 предмети.




- **Примена на мерката притвор**

Притворот е најтешка мерка на процесна присилба и поради тоа истата може да се примени само кога интересите на кривичната постапка не може да бидат заштитени со некоја друга, поблага мерка.[9]

[9] Матовски Никола, Казнено процесно право, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје 2003, стр. 357




Согласно член 199 ЗКП, ако постои основано сомневање дека определно лице сторило кривично дело, притвор против тоа лице може да се определи ако истото се крие, ако не може да се утврди неговиот идентитет или ако постојат други околности што укажуваат на опасност од бегство; ако постои основан страв дека лицето ќе ги уништи трагите на кривичното дело или ако особени околности укажуваат дека лицето ќе ја попречува истрагата со влијание врз сведоците, соучесниците и ако особени околности го оправдуваат стравот дека лицето ќе го повтори кривичното дело или ќе го доврши обиденото кривичното дело или дека ќе стори кривичното дело со кое се заканува.

Содржината на мерката притвор се состои во одземање на личната слобода на обвинетиот со негово затворање во определени простории, чија основна цел е да се обезбеди присуството на обвинетиот во текот на кривичната постапка, но и да се спречи тој да влијае врз процесот на докажување.[10]

Мерката притвор може да се определи само под услови и во случаи определени со закон, при што секогаш мора да се води сметка за рационалност во постапувањето во смисла да траењето на притворот да биде сведен на најкратко нужно време. Покрај тоа, сите органи што учествуваат во кривичната постапка се должни да постапуваат со особена итност ако обвинетиот се наоѓа во притвор, и притоа да се внимава, кога ќе престанат причините за притвор, истиот да се укине.

Според податоците од мониторингот мерката притвор е изречена во 20 предмети. Доколку се има предвид фактот дека се набљудуваа 154 кривични постапки, можеби ќе се извлече заклучокот дека нејзината примена не зафаќа

[10] Стевановиђ Чедомир, Казнено процесно право СФРЈ, Савремена администрација, Београд 1982 година, стр. 282

големи размери, но кога ќе истакнеме дека од 468 обвинети лица мерка притвор е изречена за 218 лица тогаш сликата е поинаква.




Во споредба со минатата година, оваа година кај набљудуваните (154) предмети, притворот бил изречен на поголем број обвинети лица, односно 218 обвинети од вкупно 468 . Минатата година биле набљудувани 110 предмети со 256 обвинети лица, при што мерката притвор им била изречена на 58 обвинети. Минатата година од 110 предмети карактерот на „притворски“ го имале 10 додека годинава од вкупно 154 предмети ваквиот карактер го имаат 20 предмети. Од ова може да се заклучи дека во 2010 година во набљудуваните корупциски предмети мерката притвор била изрекувана многу почесто.

Доколку се направи осврт на кривичните дела за кои е изрекуван притвор ќе се забележи доминација на делото *злоупотреба на службена положба и овластување*, која опфаќа 50 % од предметите. Останати дела за кои е изречена најтешката мерка за обезбедување на обвинетиот се *злосторничко здружување* – 3 предмети; *измама, неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори, недозволено производство* – по 2 предмети и *перење пари и други приноси од казниво дело* – 1 предмет.

За одбележување е податокот дека сите 20 предмети за кои е изречена мерката притвор се водени пред Основниот суд Скопје I, а како потсетување вреди да се спомне дека пред овој суд се набљудувани вкупно 25 предмети. Од останатите судови ниту еден нема изречено мерка притвор.

Предметите со мерка притвор имаат карактер на итност и приоритет бидејќи поради постоење на основано сомнение во поголема мера се засега во слободите и правата на обвинетите, т.е. обвинетиот се лишува од слобода и ги трпи сите деприватизации, а во исто време на сила е презумпцијата на невиност.

ЗКП предвидува прецизни рокови за должината на притворот, па така вкупното траење во истрага не може да биде подолго од 180 дена, а по подигањето на обвинение притворот може да трае најмногу до една година за дела за кои може да се изрече казна затвор до 15 години, односно до две години за дела за кои може да се изрече казна доживотен затвор (член 207 ЗКП).




Во набљудуваните предмети се забележани различни периоди на траење на притворот. Најдолгото забележано траење на притворот во еден предмет е сретнато во постапката покрената против еден обвинет за сторено кривично дело *злоупотреба на службена положба и овластување*, и тоа вкупно 455 дена, понатаму обвинет за кривично дело *перење пари и приноси од казниво дело* поминал во притвор 180 дена. За останатите притворени лица траењето на мерката е во интервалот од 12 дена до 147 дена.




Според информациите со кои располага Коалицијата, влијанието врз доказите и опасноста од бегство се основните причини за изрекување на мерката притвор, и без разлика како и да се гледа, индивидуално или во комбинација, тие се јавуваат како причина за мерката. Сепак за одбележување е фактот дека за 70 % од предметите со притвор нема податок, односно не е наведено поради која

причина е определена мерката притвор, што од своја страна има големо влијание врз правилноста на заклучокот поврзан со ова прашање.

### 2.8. Главен претрес

Главниот претрес е централен стадиум во кривичната постапка. Истиот има суштинско значење и зазема централно место бидејќи сите останати стадиуми на казнената постапка се во негова функција, односно со остварувањето на нивната посебна цел се придонесува кон остварувањето на целта на главниот претрес. Така, претходната постапка и обвинувањето имаат за цел да обезбедат непреченото одржување на главниот претрес, додека фазата на правни лекови има за цел да ја контролира правилноста на одлуката донесена на главниот претрес. Според тоа, главниот претрес е стадиум на казнената постапка, во кој, врз основа на принципите на јавност, контрадикторност, усност и непосредност, пред надлежниот суд се расправа по обвинението на овластениот тужител и се донесува пресуда.[11]

Една од основните карактеристики на кривичната постапка е процесната форма, односно за да имаат правна валидност потребно е процесните дејствија да бидат преземени на начин и во форма определена со закон. Во таа насока постојат прецизни правила за местото и улогата на странките во текот на главниот претрес. Така, согласно чл.329 ЗКП, странките и сите присутни во судницата го дочекуваат советот стоејќи, потоа, странките седат наспроти претседателот на советот, и тоа, од неговата лева страна обвинетиот и неговиот бранител, а од неговата десна страна овластениот тужител, оштетениот и неговиот полномошник. Обвинетиот, сведоците и вештаците се сослушуваат не место определено од десната страна на претседателот на советот свртени кон обвинителот и обвинетиот.

- **Дали распоредот на учесниците во постапката е согласно чл. 329 ЗКП[12]**




[11] Марина Панта, Кривична постапка на СФРЈ, Култура Скопје 1979 год., стр.411
[12] Закон за кривична постапка (пречистен текст), Сл. Весник на Република Македонија бр. 15/05

Од страна на набљудувачите е извршен мониторинг во поглед на распоредот на учесниците во постапката. Од податоците кои се добиени може да се заклучи дека законската одредба се почитува во најголем дел од случаите, односно во 87 % од набљудуваните рочишта распоредот е согласно законот. Сепак во 13 % од надгледуваните рочиштата распоредот не е законски, што не е за занемарување бидејки според ова излегува дека на секое 9 или 10 рочиште не е испочитувана оваа формална обврска на судот.

- **Состав на судскиот совет**

Стварната надлежност на судот претставува со закон нормирано право и должност на судот во кривична постапка да превзема одредени процесни дејствија и да пресуди едно казнено дело, со оглед на природата на делото. Согласно член 22 ЗКП, судија поединец во прв степен постапува и одлучува само кај оние кривични дела за кои како главна казна е предвидена парична казна или казна затвор до три години.[13] Совет составен од двајца судии и тројца судии поротници суди за кривични дела за кои е предвидена казна затвор во траење од 15 години или казна доживотен затвор, додека пак, во совет составен од еден судија и двајца судии-поротници за кривични дела за кои е пропишана поблага казна.

Уставот на Република Македонија одредува дека во судењето учествуваат и судии поротници кога тоа е утврдено со закон (чл. 103 ст. 3 УРМ).




Поаѓајки од податоците добиени со набљудувањето може да се констатира дека повеќе од три четвртини од предметите се водени пред судски совет составен од еден професионален судија и двајца судии поротници. 12 % од предметите се водени пред совет составен од двајца професионални судии и тројца судии поротници, додека 10 % се судени од судија поединец. Со вклучувањето на судии поротници во кривичните предмети се настојува да се наметне граѓанскиот фактор во одлучувањето. Меѓутоа, казнените предмети бараат сериозна подготвеност на

[13] Со новиот ЗКП, чл. 25, судија поединец суди за кривични дела за кои како главна казна е пропишана парична казна или казна затвор до пет години.

сите учесници (тужител, бранител) а посебно на оние кои ја вршат функцијата на пресудување, бидејќи добрата на обвинетиот по кои се посегнува (слободата, имотот) односно добрата на оштетениот (живот, тело, имот и слично) се многу осетливи. Подготвеноста подразбира специјална едукација, искуство, дополнителни обуки, семинари, советувања, нешто што влегува во работната кариера на професионалниот судија, поради кое тој е вистинскиот носител на одлуките, додека поротниците учествуваат од еден друг аспект во судењето – граѓански, а понекогаш и само присуствуваат на судењето.

- **Дали обвинетите имале бранител - право на одбрана**

Една од трите функции на кривичната постапка е функцијата на одбрана. Одбраната претставува процесна активност на спротивставување на обвинението, наполно или делумно одрекување дека е извршено кривично дело и на одговорноста за него, истакнување на аргументи со кои се побива тезата на обвинението, односно одбраната е збир од оние дејства што во постапката се превземаат со цел да се изнесе сè што е во корист на обвинетиот. Функцијата на одбраната ја вршат обвинетиот и неговиот бранител (секое лице има право на бранител во кривичната постапка).

Нашето кривично законодавство одбраната ја квалификува на материјална и формална (зависно кој ја врши), односно факултативна и облигаторна (зависно од тоа дали постои обврска за застапување од страна на бранител). Коруптивните кривични дела се поврзани со облигаторната одбрана, како поради карактерот на кривичните дела и казните кои се предвидени за нив во КЗ, така и поради честото изрекување на мерка притвор, а понекогаш и поради судењето во отсуство. Во случаите на облигаторна одбрана, доколку обвинетиот сам не си земе бранител, претседателот на судот му поставува бранител по службена должност.




Спроведениот мониторинг покажува дека од вкупно 468 обвинети, колку што се во случаите опфатени со истражувањето, 279 или 60 % имале бранител, вклучувајќи ги и случаите со облигаторна одбрана (изречена мерка притвор),

додека 189 или 40 % не го искористиле правото на формална одбрана, односно немале бранител.

- **Дали се суди во отсуство**

Доследната примена на принципите на контрадикторност и непосредност наложува на главниот претрес задолжително да присуствува обвинетиот, т.е., неговото присуство е претпоставка за одржување на главниот претрес. Сепак, во исклучителни околности, во редовната постапка, на обвинетиот може да му се суди во отсуство само ако тој е во бегство или поинаку не им е достапен на државните органи, а постојат особено важни причини да му се суди иако е отсутен. Решение за судење во отсуство на обвинетиот донесува советот по предлог на тужителот (чл.316 ст.3 и 4 ЗКП).




Во однос на набљудуваните рочишта од предметите определени од страна на Коалицијата, евидентно е дека во најголем број на рочишта обвинетиот бил присутен. Всушност, во 93% од набљудуваните рочишта обвинетиот бил присутен, што значи дека истиот имал можност директно и непосредно да учествува во неговата одбрана, додека во 7% од рочиштата било судено во отсуство на обвинетиот, и тоа – во 6% од рочиштата поради недостапност, додека во 1% поради бегство на обвинетиот.

- **Одложување на главниот претрес**

Одложување на главниот претрес значи неотпочнување на истиот во određениот ден, туку во некој друг ден, или пак, ако главниот претрес веќе отпочнал, негово запирање на подолго време. Доколку одлагањето на главниот претрес траело подолго од 60 дена или ако главниот претрес се одржува пред друг претседател на советот, тогаш главниот претрес мора одново да почне и сите докази да се изведат повторно.




Набљудувачите при спроведувањето на мониторингот регистрирале 153 одложувања на рочиште, од нив апсолутно мнозинство има Основниот суд Битола со 82 одложувања. Со средишна застапеност се Основниот суд Струмица – 23 одложувања и Основниот суд Скопје I – 21 одложување. Најмалку одложувања имаат судовите во Кавадарци, Кочани и Тетово – 4, односно 3 одложени рочишта.

Причините поради кои може да дојде до одложување на главниот претрес се разновидни, но сепак од информациите со кои располага Коалицијата се заклучува дека прибавувањето на материјални докази и повикувањето нови сведоци се најчестите причини за одложување на главниот претрес, односно во 54% од одложените рочишта. Најретко се случувало рочиштето да биде одложено поради отсуство на бранителот (4%), на јавниот обвинител (2%) или на оштетениот (1%).



Доколку се направи споредба со претходната – 2009 година, каде во набљудуваните 110 предмети имало 206 одложени рочишта, ќе се констатира дека во 2010 година во значајна мера се намалени одложувањата на главниот претрес поради отсуство на јавниот обвинител, обвинетиот или бранителот. Прибавувањето на материјални докази и повикувањето нови сведоци се најчести причини за одложување на главниот претрес и во 2009 година, но и овие причини за одложување во текот на 2010 година се намалени. Од споредбата се заклучува дека единствено отсуството на сведоци почесто го среќаваме како причина за одложување во 2010 година (26 рочишта), во споредба со 2009 година (17 рочишта).

- **Прекин на главниот претрес**

Под прекинување на главниот претрес се подразбира негово запирање на пократко време, но не подолго од осум дена. Причините што доведуваат до прекин на главниот претрес може да бидат различни, но сепак се делат во две групи, обични и вонредни. За обични причини се сметаат потребата од краток одмор во текот на главниот претрес, како и истекот на работното време. Вонредните причини се повеќе, и тоа, прибавување на определени докази, подготвување на обвинение, подготвување на одбрана. Согласно чл.323 ст.2 ЗКП, прекинатиот главен претрес продолжува таму каде што застанал, пред истиот совет.




Поаѓајќи од информациите со кои располага Коалицијата може да се констатира дека од вкупно 118 прекини на главниот претрес, во 81 случај или 69 % како причина се јавува потребата од одмор, прибавувањето на докази се јавува во 24 случаи или 20 %, потребата за подготвување на одбраната е причина за прекин на главниот претрес во 9 случаи или 8 %, додека подготвувањето на обвинение се јавува во 4 случаи или 3 %.

- **Привремено обезбедување и одземање на предмети и имот**

Согласно член 219 ЗКП, предметите што според КЗ треба да се одземат или што може да послужат како доказ во кривичната постапка привремено ќе се одземат и ќе му се предадат на судот или на друг начин ќе се обезбеди нивното чување. Од наведената законска одредба јасно произлегува дека ова одземање на предметите е само привремено бидејќи дури по завршувањето на кривичната постапка се одлучува за тоа што ќе се случи со одземените предмети, односно дали предметите трајно ќе се одземат, дали ќе се уништат или пак ќе му се вратат на лицето од кое биле одземени.

Во справувањето со коруптивните кривични дела, покрај одземањето на предмети, значајна мерка е привременото обезбедување на имотот или средствата што се во врска со кривичното дело. Под привремено обезбедување на имот или средства се подразбира и привременото замрзнување, запленување, задржување на фондови, банкарски сметки и финансиски трансакции или приноси од кривичното дело.

Од податоците добиени од набљудувачите се забележува незначителна примена на мерките за привремено обезбедување и одземање на предмети и имот.




Имено, од вкупно 154 набљудувани коруптивни предмети само во 6 предмети или 4 % е донесено решение за привремено обезбедување или одземање, додека во цели 97 предмети или 63 % не се донесени решенија за примена на некоја од мерките за обезбедување или одземање. Ваквата состојба сепак треба да ја земеме со одредена доза на резерва бидејќи за 51 предмет или за 33 % од следените случаи немаме податок дали е донесено решение за примена на некоја од мерките за обезбедување или одземање, односно треба да се има на ум станува збор за процент кој може сериозно да влијае во дефинирањето на целата слика.

➢ **Доказни средства**

Правно релевантните факти во казнената постапка се утврдуваат преку доказни средства, а под тој поим подразбираме извори од кои се добиваат доказните основи.[14] Според тоа, доказните средства се извори од кои во текот на постапката се добиваат податоци односно се дознаваат факти кои претставуваат доказен основ.[15]

Кај секое поединечно кривично дело постои посебен предмет на докажување, а тој пак подразбира збир на факти кои во постапката се утврдуваат со докажување. Оттука, кои доказни средства ќе се употребат во секој поединечен случај, пред се, зависи од околностите и карактеристиките на случајот, при што судијата е тој што ја донесува одлуката за тоа кои доказни средства ќе се употребат, водејќи сметка за должноста на судот совесно да го оцени секој доказ одделно и во врска со другите докази, и дури потоа да донесе заклучок дали е докажан некој факт.




Според податоците добиени од мониторингот може да се заклучи дека од 356 изведени доказни средства најголем дел припаѓаат на исказ на обвинетиот - 83 пати или 24 % и на исказ на сведоци - 80 пати или 23 %. Најретко користено доказно средство е вештачењето – 16 пати или 4 %. Средиштето во изведуваните доказни средства им припаѓа на исказот на оштететниот, материјалните докази и писмените докази – документи, заедно опфаќаат 48 % од изведуваните доказни средства во набљудуваните корруптивните предмети.

[14] Vasiljević Tihomir, Sistem krivičnog procesnog prava SFRJ, Savremena administracija, Beograd 1981, стр. 301,
[15] Марина Панта, op.cit, стр. 225

Доколку направиме компарација со минатогодишните резултати за ова прашање ќе констатираме дека резултатите се идентични, односно и во 2009 година најчесто користени доказни средства беа исказ на обвинетиот и искази на сведоци, а вештачењето беше најретко употребувано.

Горенаведените податоци укажуваат дека судовите најголемо значење за утврдување на фактите им даваат на сведоците и нивните искази (треба да се има предвид фактот дека во набљудуваните предмети, посебната истражна мерка користење на лица со прикриен идентитет е употребена во два предмети, се воделе пред Основниот суд Скопје I, што значи дека и оваа категорија на лица влегуваат во сведоци). Исказот на обвинетиот е доказно средство со кое на оваа странка во постапката и се овозможува да ги изнесе своите аргументи во поглед на настанот, а со тоа му се помага на бранителот во креирањето на одбраната (овде не го исклучуваме признанието како вид на исказ, но секогаш покрај него треба да се бараат и други докази што ќе овозможат негово потврдување, односно создавање логична и разбирлива слика за настанот). Поаѓајќи од нивната природа, коруптивните кривични дела во голема мера се докажуваат преку материјални докази и писмени докази – документи, како трајни сведоци за делото, кои и по протек на подолг временски период може да ја покажат инкриминираноста и одговорноста за штетното поведение. Вештачењето е најретко застапено доказно средство, според собраните податоци, па можеме да заклучиме дека во голема мера фактите се утврдени преку претходните доказни средства и оттаму нема потреба од вештачење или сериозните финансиски издатоци кои се потребни за нивното извршување, се причините за незначителниот број на вештачења.

- **Сведок**

Сведок е физичко лице кое во кривичната постапка се повикува од страна на судот и кое притоа е должно да се јави на упатената покана, а за кое е веројатно дека ќе може да даде известување за делото, за сторителот, како и за други важни околности, врз основа на неговите сетилни сознанија за сите факти што се предмет на докажување. Известувањето коешто го дава сведокот во кривичната постапка се нарекува - исказ на сведок. Со својот исказ, сведокот ги пренесува на судот сите сопствени непосредни сознанија што ги осознал со помош на сетилата за вид и слух, а кои се однесуваат за одреден кривично-правен предмет.

Од податоците се забележува дека исказот на сведокот е едно од најчесто употребуваните доказни средства. Согласно членовите 241 и 243 став 2 ЗКП, сведокот не е должен да одговара на одделни прашања ако е веројатно дека со тоа би се изложил себеси или свој близок роднина на тежок срам, значителна материјална штета или кривично гонење, За ова свое право сведокот треба да биде запознаен/информиран од страна на претседателот на советот, и истото треба да биде внесено во записник. Во врска со ова прашање, набљудувачите констатирале дека во 89 % од предметите сведоците биле запознаени со ова нивно право,

додека во 11 % тоа не се случило. Податокот укажува дека судиите во голема мера ги почитуваат спомнатите членови од ЗКП, но состојбата треба и понатаму да се подобрува бидејки законот бара апсолутно почитување на нормите.

Поаѓајќи од фактот дека корупциските кривични дела се во тесна врска со организираниот криминал потребно е поголемо внимание да биде посветено на безбедноста на сведокот. Така, обсервираме дека во 28 % од рочиштата, во кои се користел сведокот како доказно средство, истиот одбил да даде исказ пред обвинетиот, по што обвинетиот бил отстранет од судницата, додека во 72 % од рочиштата сведокот дал исказ пред обвинетиот. Сепак, само во 1 % од рочиштата биле преземени дејствија за обезбедување на ефикасна заштита на сведоците преку употреба на посебен начин на испитување (технички средства за комуникација). Поаѓајќи од добиените податоци обезбедени од набљудувачите, може да се заклучи дека во ниту еден предмет не е поднесено барање за вклучување во програмата за заштита на сведоци.

### 2.9. Пресуда и казнена политика

Сите процесни активности што се преземаат во текот на кривичната постапка се насочени кон донесување на пресуда, односно на најзначајниот акт што се донесува во постапката. Всушност, пресудата е вид на одлука со која судот завршува одреден кривичен предмет. Таа, како акт на надлежен државен орган го содржи одговорот на прашањето дали обвинетиот го сторил делото и дали истиот е кривично одговорен.

Според информациите со кои располага Коалицијата од 154 набљудувани предмети на прв степен се завршени 60 предмети. Од нив, најмногу му припаѓаат на Основниот суд Битола – 16 предмети, потоа на Основниот суд Велес – 12, Основниот суд Скопје I има завршено 10 предмети, додека останатите судови се под оваа бројка.



- **Вид на пресуда**

Согласно чл.366 ст.1 ЗКП, постојат три вида на пресуди, и тоа: пресуда со која обвинението се одбива (одбивателна пресуда), пресуда со која обвинетиот се ослободува од обвинение (ослободителна пресуда) и пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен (осудителна пресуда). Овие три вида на пресуди може да се поделат на две групи: формални и материјални. За формална пресуда се смета пресудата со која се одбива обвинението односно одбивателната пресуда, додека останатите имаат карактер на материјални пресуди.




Од вкупно 60 предмети, осудителна пресуда со која обвинетиот се огласува за виновен е донесена во 41 предмет, ослободителна пресуда е донесена во 10 предмети, во 4 имаме одбивателна пресуда, додека во 5 предмети обвинението е повлечено (со што постапката е завршена со пресуда со која се одбива обвинението). Основниот суд Скопје I има најмногу осудителни пресуди – 10 и ниту една од останатите видови на пресуди. Основниот суд Битола има најмногу ослободителни пресуди – 4 и одбивателни пресуди – 2, има донесено 8 осудителни пресуди и во два случаи обвинението е повлечено, т.е., единствено во овој суд има податок по сите четири основи, врзани со видот на пресудата или повлекување на обвинение. Основниот суд Велес има 9 осудителни пресуди и една одбивателна, додека Основниот суд Кавадарци има 7 пресуди и сите осудителни.

Завршените првостепени постапки најчесто се воделе за кривичното дело *измама*, предвидено и казниво по член 247 КЗ, во 26 случаи, веднаш до него е делото од член 353 - *злоупотреба на службена положба и овластување* со 22 предмети. Во помал број на случаи постапката се водела за делото *злосторничко здружување* – 4 предмети, *затајување* – 3 предмети, *фалсификување на службена исправа* и *неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори* – во по 2 предмети и во еден предмет постапката се водела за делото *оштетување или повластување на доверители*.

За кривичното дело *измама* најмногу пресуди донел основниот суд Битола – 10 од вкупно 26, додека основниот суд Кочани не донел ниту една пресуда за наведеното дело. По пет пресуди за делото *злоупотреба на службена положба и овластување* донеле основните судови во Битола и Велес, додека судот во Кавадарци има донесено само една пресуда. Основниот суд Скопје I е единствен суд што донел пресуда во предмет каде се водела постапка за дело *злосторничко здружување* – 4 предмети и за *неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори* – 2 предмети.

| Вид на пресуда за обвинетиот? | | За кое кривично дело се води постапката? | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 247 | 353 | 361 | 394 | 215 | 239 | 257 | |
| Обвине-нието се одбива | ОС Битола | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | ОС Велес | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | ОС Струмица | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Вкупно | | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 |
| Обвинетиот се ослободува | ОС Битола | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 4 |
| | ОС Кочани | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | ОС Струмица | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| | ОС Штип | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| Вкупно | | 2 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 10 |
| Обвинетиот се огласува за виновен | ОС Битола | 6 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 8 |
| | ОС Велес | 5 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| | ОС Кавадарци | 5 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7 |
| | ОС Кочани | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| | ОС Скопје | 1 | 3 | 0 | 4 | 2 | 0 | 0 | 10 |
| | ОС Струмица | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| | ОС Штип | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 |
| Вкупно | | 19 | 12 | 2 | 4 | 2 | 2 | 0 | 41 |
| Обвине-нието е повлечено | ОС Битола | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | ОС Велес | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| | ОС Штип | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| Вкупно | | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 5 |
| Вкупно | | 26 | 22 | 2 | 4 | 2 | 3 | 1 | 60 |

За кривичното дело *измама* се изречени најмногу осудителни пресуди – 19, при што мнозинството се изречени од судовите во Битола, Велес и Кавадарци, заедно 16. За истото дело се изречени по две ослободителни (Струмица и Штип) и одбивателни пресуди (Битола), а во три случаи обвинението е повлечено. За кривичното дело *злоупотреба на службена положба и овластување* се донесени 12 осудителни пресуди (од набљудуваните судови единствено Основниот суд Штип и Основниот суд Тетово немаат донесено ваква пресуда во набљудуваниот период). Интересен е податокот дека сите пресуди на Основниот суд Скопје I за делата *злосторничко здружување* и *за неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори* се осудителни (вкупно 6 предмети).

Во 60-те предмети, за кои е завршена првостепената постапка, се опфатени 186 обвинети лица. Од наведените, за 156 обвинети лица (84 %) е донесена осудителна пресуда, односно се прогласени за виновни. Ослободителна пресуда е донесена за 18 обвинети лица (10 %), додека одбивателна за само 4 обвинети (2 %). Треба да се има предвид фактот дека за 8 лица (4 %) обвинението е повлечено. Од овде може да се заклучи дека првостепените судови за предмети со коруптивни кривични дела во најголем дел имаат донесено осудителни пресуди.




- **Објавување на пресуда**

Објавувањето на пресудата е последното процесно дејствие што го врши советот на заседание. Пресудата се објавува веднаш по нејзиното изрекување. Меѓутоа, ако судот не е во можност да ја изрече истиот ден по завршувањето на главниот претрес, тој може да го одложи нејзиното објавување најмногу за три дена и притоа го определува времето и местото на објавувањето (чл.370 ст.1 ЗКП).

Претседателот на советот ја објавува пресудата во присуство на странките, нивните законски застапници, полномошници и бранителот. Меѓутоа, објавувањето на пресудата може да се изврши и кога странката, законскиот застапник, полномошникот или бранителот не е присутен (пресудата писмено се доставува).




Во 33 % од пресудените предмети пресудата веднаш била објавена, во 22 % испочитуван е рокот до три дена, додека пречекорувањето на законскиот лимит го има во 23 % од предметите. Покрај тоа, во 22 % од предметите пресудата писмено се доставува. За пофалба е Основниот суд Штип, кој за 6-те предмети веднаш ја има објавено пресудата. Негова спротивност е Основниот суд Скопје I, кој дури за 8 предмети објавувањето на пресудата го врши по повеќе од 3 дена. Писменото доставување најмногу присутно е кај Основниот суд Битола, во 9 од вкупно 16 предмети. Доколку направиме компарација со минатата година ќе се извлече заклучокот дека годинава е намален бројот на пресуди што се веднаш објавени. Имено минатата година се движел околу 53 % додека годинава е сведен на 33 %. За таа сметка е зголемен бројот на пресуди што се објавуваат по повеќе од 3 дена, или минатата година се работело за околу 11 % додека годинава се 23 %. За одбележување е податокот дека минатата година Основниот суд Струмица бил најажурен со 16 пресуди објавени веднаш и две во рок од три дена, а годинава како најажурен се покажа Основниот суд Штип.

Во 92 % од пресудените предмети претседателот на советот при објавувањето на пресудата накратко ги образложил причините за истата (согласно член 370 став 2 ЗКП), оваа обврска не е исполнета во 8 % од пресудените предмети.

- **Вид на кривична санкција**

Од 156 лица за кои е донесена осудителна пресуда ефективна казна затвор е изречена на 116 лица. Најниската казна затвор изнесува 3 месеци и им е изречена на 2 лица, додека највисоката казна затвор му е изречена на едно лице во траење од 81 месец.




**Осудени лица на ефективна казна затвор**

Генерално гледано, ефективна казна затвор во траење до 1 година им е изречена на 49 лица или на 43 % осудените со првостепена пресуда. Со казна затвор во траење од 1 до 3 години се осудени 55 лица или 48 %, а најтешко поминале 10 лица или 9 % со казни затвор во траење над 3 години.

Алтернативната мерка - условна осуда им е изречена на 38 лица и со неа им се дава можност за ресоцијализација преку воинституционален треман, односно во заедницата. Со условната осуда судот му ја утврдува казната на сторителот на кривично дело и истовремено определува дека таа нема да се изврши ако осудениот за времето што ќе го определи судот, а кое не може да биде пократко од една ниту подолго од пет години (време за проверување) не стори ново кривично дело. Оваа мерка најчесто е изрекувана за период од 6 месеци, и тоа изречена им е на вкупно 25 лица или на 65 % од осудениците. На 4 лица истата мерка им е изречена во траење од 3 месеци, додека во најдолго траење од 27 месеци, му е изречена само на еден осуденик, но притоа, треба да се има предвид дека условна осуда може да се изрече кога на сторителот му е утврдена казна затвор во траење до две години, односно 24 месеци.



- **Времетраење на условната осуда**

Временскиот период на проверување најчесто е 2 години (за 20 лица или 53 % од осудениците на кои им е изречена оваа мерка), за 13 лица (34 %) проверувањето изнесува 1 година, додека 3 лица се ставени на проверка во временски период од 4 години.

Парична казна им е изречена на 29 лица, а истата може да биде главна или споредна, што значи дека во некои од пресудените предмети на осудениците истовремено им биле определени и затвор и парична казна. За одбележување е фактот дека оваа казнена мерка се изрекува во релативно ниски износи, поаѓајки од карактерот на корупциските кривични дела. Така, на 20 лица им е изречена парична казна во износ од 1.000 до 9.000 денари (од нив на 9 лица во износ од 2.500 денари). Највисоката парична казна изнесува 160.000 денари и е изречена на едно лице.

Во врска со санкциите се забележува дека на едно лице му е изречена казната *протерување странец – засекогаш*.

Од податоците со кои располага Коалицијата се забележува дека во сите пресуди за „притворски предмети“ се врши засметување на притворот во казната, што е за потенцирање бидејќи во спротивно би имале елементарно непочитување на човековите слободи и права.

Горенаведените податоци укажуваат дека судовите практикуваат релативно ниски санкции спрема сторителите на корупциски кривични дела. Таквиот начин на постапување не може да ја зајакне генерално превентивната улога на казнувањето, а уште помалку специјалната.

- **Проширена конфискација на имот**

Согласно член 97 од КЗ, никој не смее да се стекне со имотна корист на криминален начин бидејќи со тоа се рушат основните економски принципи што владеат во едно општество, а исто така и се загрозуваат, односно повредуваат нај-значајните вредности во општеството. Конфискација на имот и имотна корист е фискална мерка со која се настојува да се спречи збогатување на лица преку криминал. Со измените на КЗ[16] во член 98-а се воведува и проширена конфискација со што се овозможува конфискување на имот на сторителот или на трети лица, кој е стекнат во период до пет години пред извршувањето на делото, за потешки кривични дела (во кои влегуваат и поголем дел од корупциските дела опфатени со истражувањето).

Од податоците добиени од набљудуваните предмети се констатира дека само во една пресуда е изречена мерката - проширена конфискација на имот, и притоа се конфискувани возила за транспорт на стока. Ова означува дека судовите

[16] Службен весник на Република Македонија бр. 114/09,

во назначителна мера го користат овој нов инструмент за спречување на корупциските дела. Неговата примена бара подлабинско согледување на предметот (токму тоа е целта на принципот барање на вистината, како еден од основните во кривичната постапка), со што би се спречило преку разни трансакции да се прикрие криминално стекнатиот имот.

### 2.10. Стандарди за фер и правично судење

- **Судење во разумен рок**

Член 6 став 1 од ЕКЧП го признава правото на секој поединец, при утврдувањето на неговите граѓански права и обврски или кога е кривично гонет на правично и јавно судење во разумен рок, пред непристрасен и независен суд основан со закон. Всушност, неразумните одолговлекувања имплицираат недостаток на ефикасност на правдата. Штетноста од долготрајната постапка е особено присутна во кривичната област (особено доколку е изречена мерката притвор).

Европскиот суд за човекови права нема воспоставено квалитативни параметри за да се утврди разумното времетраење на постапката, за таа цел судот поаѓа од „особените околности“ на случајот во комбинација со системските карактеристики на правниот и судскиот систем на засегнатата држава. Содржината на поимот „особени околности“ ја сочинуваат: сложеноста на случајот, повреденото добро на оштетеното лице, придонесот на подносителот во одолговлекувањето на постапката, придонесот на јавните органи во одолговлекувањето на стадиумите на постапката (преоптовареноста на судовите не се прифаќа како аргумент на државата, ЕСЧП и наложува на државата да изнајде ефикасен модел на постапка). [17]

Со измените на Законот за судови во 2008 година[18] се воведе правен лек за оспорување на предолгото траење на постапката (обврската произлегува од член 13 ЕКЧП). Така, во надлежност на судиите од Одделот за судење во разумен рок при Врховниот суд на Репувлика Македонија е и постапувањето и одлучувањето по барањата на странките и другите учесници во постапката за повреда на правото на судење во разумен рок, согласно правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд на човекови права.

---

[17] Luis Lopez Guerra (судија во Европскиот суд за човекови права), Неразумни одолговлекувања, Iustitia бр.3, 2010 година, Академија за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија, стр. 22

[18] Службен весник на Република Македонија бр. 35/08

- **Колку време поминало од отпочнувањето на судската постапка до објавување на пресудата**

Податоците од набљудуваните предмети укажуваат дека првостепените судови при одлучувањето по корупциски предмети, во поголем дел го почитувале принципот за судење во разумен рок. Имено, во 68 % од пресудените предмети судската одлука е донесена во период до шест месеци, што е за поздравување ако се има на ум специфичниот карактер на кривичните дела и начинот на докажување. Од 6 месеци до 1 година траела постапката за 13 % од пресудените предмети, и за ова група предмети важат претходно кажаните зборови. Повреда на правото за судење во разумен рок можеме да констатираме во 6 % од пресудените предмети, што траеле повеќе од 3 години (постапката за најдолгиот пресуден предмет траела 67 месеци, предмет заведен во судот во Велес).




Ваквата констатација треба да претставува поттик за првостепените судови да ги засилат напорите за ефикасно судење  и судење во разумен рок, бидејки ЕСЧП при оценувањето на повредата на правото за судење во разумен рок го зема предвид траењето на постапката во сите инстанци, што значи придонесот на првостепените судови е дел од целината.

### 3. Анализа на резултатите од интервјуата со судиите

### А. Состојба

1. Со цел да добиеме мислење и да ги чуеме ставовите на судиите кривичари, оние чии предмети Коалицијата „Сите за правично судење" ги набљудувала низ годиниве, Коалицијата одлучи да спроведе интервју/разговор со

нив по прашања релевантни за самата постапка но и за соработката што истите ја имаат со Коалицијата. Интервјуата беа направени со 18 судии и тоа од судовите во Велес, Струмица, Штип, Кочани и Битола. Непосредно пред отпочнување со интервјуата, дозвола беше побарана од страна на претседателите на судовите на кои им испративме и примерок од прашалникот за таа намена. И покрај фактот дека дозвола за спроведување на интервју беше упатена и до ОС Скопје 1, одговор на истата никогаш не добивме па оттука и разговорот со тамошните судии кривичари од Одделението за борба против организираниот криминал и корупција не беше реализиран.

Од добиените одговори може да се заклучи дека најголем дел, односно 61% сметаат дека нема пораст на корупцијата, некои од нив истакнаа дека за одредени дела истата е во значаен под. Околу 28 % од судиите опфатени со интервјуто истакнаа дека постои пораст на корупцијата, додека 11 % не дадоа одговор на прашањето.




-  **Дали сметате дека корупцијата е во пораст**

2. Во однос на прашањето за успешноста на органите на прогон при идентификувањето на коруптивните кривични дела најголем дел од судиите опфатени со истражувањето, односно 56 % сметаат дека органите на прогонот не ги идентификуваат успешно овие кривични дела, при што некои од нив укажаа дека постојат големи пропусти во спроведувањето на предкривичната постапка при обезбедувањето  на доказите. Само 11 % од испитаниците сметаат дека органите на прогонот се успешни во идентификацијата на коруптивните кривични дела, 22 % сметаат дека органите на прогонот се успешни но со одредени пропусти, додека 11% од судиите не дадоа одговор на поставеното прашање.

Од ова произлегува дека судиите ставаат сериозни забелешки на работата на органите на прогонот, односно сметаат дека органите на прогонот не се во состојба успешно да ги идентификуваат коруптивните кривични дела, а со тоа истите да ги откријат и документираат.




- **Успешност на органите на прогонот**

**Б. Постапка**

3. Во основните принципи на кривичната постапка се втемелени ефикасноста и седењето во разумен рок. Нивното почитување подразбира утврдување на материјалната вистина без непотребни одолговлекувања на постапката. Причините за ваквата појава се разновидни но Коалицијата ја интересираше ставот на судиите околу отсуствата на обвинетите лица и бранителите, т.е., дали намерно отсуствуваат од рочиште со цел - одолговлекување на постапката.

Во поглед на ова прашање ставовите на судиите се поделени, имено 44 % од нив сметаат дека во многу голем број на предмети обвинетиот и бранителот без оправдана причина отсуствуваат од рочиштето со цел да дојде до одолговлекување на постапката.




- **Обвинетиот и бранителот намерно ја одолговлекуваат постапката**

Од друга страна, 28 % сметаат дека појавата е присутна, но во ретки случаи, а преостанатите 28 % сметаат дека целта на обвинетиот е побрзо завршување на

постапката и доколку отсуствува од рочиштето тоа е поради оправдани причини за кои постојат законски основи.

4. Судиите беа прашани дали кај нив постои пракса за изрекување мерка притвор за обезбедување присуство на обвинетото лице, а со цел да се спречи неоправданото отсуство на истиот, согласно член 316 став 2 ЗКП . Наведената одредба овозможува примена на мерката притвор за обезбедување присуство на обвинетиот на главен претрес кога е очигледно дека тој избегнува да дојде на главниот претрес. На наведеното прашање скоро сите судии истакнаа дека ја применуваат законската одредба, но во ретки случаи.

Од страна на судиите беа предложени неколку опции за да се скрати траењето на кривичната постапка, и тоа:

- обезбедување на сите докази во предходна постапка и пасивизирање на судот, односно судот да не мора во текот на постапката да собира докази, туку како во англосаксонското право да има пасивна улога и да суди врз основа на приложените докази, согласно римската максима колку докази толку правда (а не до последен момент да се предлагаат и да се прибавуваат докази, што е и најчестата причина за одолговлекување на постапката).

- изготвување на квалитетни обвиненија, поткрепени со докази (денес често се случува обвиненијата да бидат некомплетни, непоткрепени со докази, со што се одолговлекува постапката).

- да се подобрат законските решенија за достава,

- почесто користење на мерките за обезбедување присуство (пред се за обвинетиот, додека за останатите субјекти да се користат соодветните законски решенија – санкционирање, замена и слично). Треба да се има предвид дека оваа опција е предложена од судии во чии судови во 2010 година не беше изречена ниедна мерка притвор во споредба со ОС Скопје 1 каде скоро сите предмети следени од страна на Коалицијата „Сите за правично судење‘‘ беа притворски.

- да се обезбедат поголеми финансиски средства за изготвување на вешти наоди и мислења (кои имаат големо влијание за правилно утврдување на фактичката состојба).

5. Согласно принципот на непосредност, судот ја заснова својата одлука само врз фактите и доказите што се изнесени на главниот претрес. Тоа во суштина значи дека е неопходно да му се обезбеди на судијата, како орган надлежен да ги оценува сите факти и докази од кои зависи подоцнежната одлука, непосредно (без никакво посредство на други органи), да ги разгледува и на тој начин да стекне впечаток за секој од тие факти и докази поединечно, а потоа за процесниот материјал како целина.

Поаѓајќи од фактот што со одлуката во кривичната постапка се засегаат најзначајните добра, вредности и интереси на главните субјекти, се наметна и прашањето за количеството на доказен материјал со кој располагаат судиите при носењето на одлуката, односно дали во предметите располагаат со доволно обезбедени докази.

Загрижувачки е податокот што 39 % од судиите истакнуваат дека при одлучувањето за коруптивните кривични дела не располагаат со доволно обезбедени докази. Укажуваат дека често пати се соочуваат со „слаби обвиненија“ поради што доказите се обезбедуваат дури на главниот претрес, а со тоа се одолговлекува кривичната постапка.




- **Дали во предметите располагате со доволно обезбедени докази**

Само 22 % од судиите опфатени со интервјуто сметаат дека во сите предмети располагале со доволно обезбедени докази, по што врз основа на нивното уверување, без никакво сомнение, можеле да донесат одлука. Големи 39 % од судиите сметаат дека најчесто во предметите имале доволно доказен материјал, но не секогаш, односно понекогаш се соочувале со предмети што имале сериозни слабости околу обезбедените докази.

6. Во текот на главниот претрес може да се јави потреба за преземање на одредени дејствија или за прибавување на одредени предмети, писмена, што може да имаат круцијално значење при донесувањето на одлуката. Согласно член 140 ЗКП, сите државни органи се должни да им дадат на судовите потребна помош, а особено ако е во прашање откривањето на кривични дела или пронаоѓање на сторители. Меѓутоа, оваа обврска не се однесува само на државните органи туку на сите граѓани, односно физички и правни лица.

Како резултат на погоре кажаното се наметна прашањето за соработката, односно помошта од другите органи во случаите кога истата им е потребна на судовите. Имено, прашањето беше формулирано на следниот начин: *дали се среќавате со пречки и одолговлекувања во случаи каде сте побарале да се доставaт определени докази?* Од добиените резултати се заклучува дека потребната помош судовите ја добиваат на многу потежок начин од законски предвидениот. Цели 56 % од судиите вклучени во интервјуто, одговорија позитивно на поставеното прашање. Тие истакнаа дека во најголем број на случаи кога се обраќаат до одреден орган чекаат подолг временски период пред да го

добијат бараниот доказ, поради што се принудени да го одложат рочиштето или изведувањето на доказот да го остават за некое наредно рочиште.

Една третина или 33 % од судиите никогаш немале проблеми во соработката и помошта од другите органи, односно навремено им биле доставувани бараните докази.




- **Дали се среќавате со пречки и одолговлекувања кога сте побарале да се доставаат определени докази**

Во средина се наоѓаат 11 % од судиите истакнувајќи дека главно навремено ги добивале бараните докази од надлежните органи, но понекогаш се соочувале со потребата од ургенција за доставување на определени докази.

7. Поаѓајќи од високиот степен на дискреција и таинственост при извршувањето на коруптивните кривични дела, како и потребата за справување со корупцијата како криминогена и општествено неприфатлива појава веќе неколку години органите на прогонот ги имаат на располагање посебните истражни мерки, како специјални средства за обезбедување на доказен материјал. Во врска со тоа судиите беа запрашани дали забележуваат подобрување на казнениот прогон кон коруптивните кривични дела, со употребата на посебните истражни мерки.

Поголемиот дел од судиите дадоа позитивен одговор истакнувајќи дека со посебните истражни мерки се овозможува навремено обезбедување на докази, а со тоа силна поткрепеност на обвинението и непречено одвивање на главниот претрес. Сепак, помал дел од судиите се воздржаа од одговор истакнувајќи дека досега се немаат сретнато со предмети каде се употребени посебни истражни мерки.

8. Во поглед на мерките за обезбедување присуство на обвинетиот во текот на постапката судиите истакнаа дека видот на мерката која ќе се користи зависи од кривичното дело и обележјата на обвинетиот. Неколку судии ја потенцираа примената на превентивната мерка – привремено одземање на патна исправа. Во однос на мерката – притвор, истакнаа дека се применува соодветно на потребите на посебните случаи, настојувајќи најтешкиот облик за обезбедување на

обвинетиот да биде сведен на минимум. Коалицијата жали што немаше можност за ова прашање да разговара со судиите во ОС Скопје 1 каде имаме значително користење токму на оваа мерка.

**В. Казнена политика**

9. Повеќе од 90 % од судиите вклучени во истражувањето истакнаа дека за коруптивните кривични дела се води соодветна казнена политика, а само мал дел истакнаа дека постојат високи казни.

Поголемиот дел од судии одговорија дека постои тенденција за изрекување казна на ниво на посебниот законски минимум, истовремено укажувајќи дека на секој предмет треба посебно да се гледа, поаѓајки од принципите на индивидуализација и ресоцијализација. Интересни се и образложенијата за ваквиот став - така некои од нив истакнуваат доколку е изречена повисока казна постои можност повисокиот суд да ја преиначи во помала казна, затоа изрекуваат казни во законски предвидените минимуми, други сметаат дека предвидените казни се многу високи и затоа кога изрекуваат казните се оди на посебниот минимум.

Сепак некои судии изјавија дека нема тенденција за изрекување казни околу посебниот минимум туку дека истите се применуваат соодветно, затоа што изрекувањето на ваквите казни најчесто за цел ја има генералната превенција, да влијае на останатите да не прават вакви кривични дела.

10. Целта на корупциските кривични дела е стекнување на што е можно поголема противправна имотна корист за пократок временски период. На ваквиот мотив треба да се делува со контрамотив, а најдобра варијанта е конфискација на добрата стекнати со извршени кривично дело, како и на средствата што се употребени за неговото извршување.[19]

Во врска со ова судиите беа прашани колку често во пресудите изрекуваат мерка конфискација и при тоа се утврди дека 50 % од судиите опфатените со истражувањето понекогаш ја изрекуваат мерката. Некои од нив истакнаа дека таа треба да се предлага уште во фазата на истрага, т.е., да се стави забрана за располагање со имотот за да се оневозможи истиот да се отуѓи, бидејки по завршувањето на постапката, која може да трае и по неколку години, на име на обвинетиот нема имот.

---

[19] Со измените на КЗ од 2009 година, Службен весник на Република Македонија бр. 114/09 во член 98–а воведена е проширена конфискација.




- **Колку често се изрекува мерката конфискација**

Многу често мерката - конфискација ја изрекуваат само 17 % од судиите, додека 33 % од нив никогаш ја немат изречено. Многу интересен одговор имаат дадено некои од судиите што никогаш ја немат изречено оваа мерка. Имено, тие истакнуваат дека немаат пракса за нејзино изрекување, потоа дека таа претставува сложена постапка и би значело дополнително одолговлекување на кривичната постапка затоа што треба да се приберат многу податоци за имотната состојба на обвинетиот.

11. Поаѓајќи од фактот дека секојдневно се соочуваат со оваа проблематика од судиите беше побарано мислење за подобрување на состојбите во областа на корупцијата, односно, генерално, што треба да се преземе за подобрување на резултатите во справувањето со коруптивните дела во општеството.

Поголемиот дел од нив како простор за интервенција ја лоцираа истрагата, односно, обезбедувањето на доказите во најраната фаза од постапката, неколку судии истакнаа дека треба да се заострат санкциите.

**Г. Набљудување и соработка**

Повеќегодишните напори на Коалицијата за мониторинг на кривичната постапка за коруптивни кривични дела беа поздравени од сите судии, опфатени со интервју. Истакнаа дека присуството на стручни лица во текот на судењето, во својство на набљудувачи, влијае кон зголемување на напорите за поквалитетно одвивање на рочиштето од страна на судијата. Посебно се заинтересирани за резултатите од мониторингот, т.е., утврдените пропусти и насоките за нивно надминување.

## 4. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### Заклучоци[20]

- Кривичните дела *злоупотреба на службена положба и овластување* и *измама* доминираат во секој аспект во набљудуваните предмети. Ваквата состојба не терада заклучиме дека останатите коруптивни кривични дела (содржани во истражувањето) многу ретко се извршуваат во реалноста или пак оперативните способности на органите на прогонот овозможуваат ефикасно справување само со споменатите две коруптивни кривични дела – *злоупотреба на службена положба и овластување* и *измама*.

- Профилот на сторителот на коруптивно кривично дело го сочинуваат следните елементи: живее во урбана средина, на возраст од 36 до 55 години, по националност, воглавно, се Македонци, државјани на Република Македонија, со завршено средно и високо образование.

- МВР има доминантната позиција при поднесувањето на кривични пријави (62 %), што произлегува од неговата оперативна поставеност, специфичните работни обврски, како и поголемиот број вработени во него, пред се на оперативни места.

- Коруптивните кривични дела главно се самостојни или како учество на две лица во извршувањето на делото, со цел да се зачува конспиративноста како и да се продолжи со натамошните криминални активности.

- Постои незначителна примена на посебните истражни мерки за докажување на факти. Речиси сите изречени мерки се во предмети што се воделе пред Основниот суд Скопје I, при што најчесто применувана е мерката - тајно набљудување, следење.

- И покрај тоа што законодавецот го лимитира временскиот период од поднесувањето на обвинителниот акт до закажувањето на првото рочиште сепак податоците упатуваат на заклучокот дека само во 4 % од предметите

[20] Во извештајот постојат два вида податоци, оние од набљудувањето на судските предмети и оние од реализираните разговори со судиите кривичари. За некои прашања постои колизија во одговорите и затоа во анализата ќе се сретнат поинакви ставови на судиите во однос на добиените податоци од набљудувањето.

е запазен законскиот рок. Ваквата состојба е загрижувачка, имајки го предвид фактот дека и овој дел од постапката се зема предвид при проценката на судењето во разумен рок, а со тоа и почитувањето на член 6 став 1 од ЕКЧП.

- Приговор на обвинителен акт е поднесен во 36 предмети (23 %) но она што е побитно е дека сите приговори се одбиени. Како за потсетување, минатата година (во набљудуваните предмети) се поднесени 18 приговори и исто така сите биле одбиени.

- И покрај тоа што станува збор за осетливи кривични дела, со стекнување на противправна имотна корист, каде реално е присутен ризикот од одбегнување на правдата од страна на обвинетиот, сепак во околу 80 % од предметите не е изречена мерка за обезбедување присуство на обвинетиот.

- Според податоците од мониторингот мерката - притвор е изречена во 20 предмети. Доколку се има предвид фактот дека се набљудуваа 154 кривични постапки можеби ќе се извлече заклучокот дека нејзината примена не зафаќа големи размери, но кога ќе истакнеме дека од 468 обвинети лица мерка - притвор е изречена за 218 лица тогаш сликата е поинаква.

- Сите 20 предмети во кои е изречена мерката - притвор се водени пред Основниот суд Скопје 1. Оттука произлегува заклучокот дека во овој суд полесно се изрекува оваа мерка за обезбедување присуство на обвинетиот во споредба со останатите судови. Вреди да се спомене дека секако, ќе имавме подобра слика околу ова прашање доколку во овој суд беа спроведени разговорите со судиите како што тоа беше случај со останатите судови.

- Приближно 80 % од предметите се водени пред судски совет составен од еден професионален судија и двајца судии поротници.

- Мнозинството од обвинетите или 60 % го искористиле правото на формална одбрана, односно имале бранител, вклучувајќи ги и случаите со облигаторна одбрана.

- По правило рочиштата биле спроведени во присуство на обвинетиот, што значи дека тој имал можност директно и непосредно да учествува во неговата одбрана, а само во ретки случаи се судело во отсуство на обвинетиот.

- Како најчести причини за одлагање на главниот претрес се јавуваат прибавувањето на материјални докази и повикувањето нови сведоци.

- Се забележува незначителна примена на мерките за привремено обезбедување и одземање на предмети и имот. Имено, од вкупно 154 набљудувани корутивни предмети само во 6 предмети или 4 % е донесено решение за привремено обезбедување или одземање, што е навистина премалку бидејки по дефиниција корутивните дела се противправни поведенија на влијание, со стекнување огромни материјални средства.

- Најчесто употребувани доказни средства се исказ на обвинетиот и искази на сведоци. Овој заклучок се провлекува во скоро секој извештај, така и во 2009 година најчесто користени доказни средства беа исказ на обвинетиот и искази на сведоци, а вештачењето имаше најретка употреба.

- Вештачењето е најретко застапено доказно средство, па според податоците, можеме да заклучиме дека во голема мера фактите се утврдени преку други доказни средства и нема потреба од вештачење или сериозните финансиски издатоци за нивно извршување се причина за незначителниот број на вештачења.

- Годинава е намален бројот на пресуди што се веднаш објавени, имено минатата година изнесувал околу 53 % додека годинава истиот е сведен на 33 %. За таа сметка е зголемен бројот на пресуди што се објавуваат по повеќе од 3 дена, или за споредба, минатата година биле околу 11 % додека годинава се 23 %.

- Првостепените судови за предметите со корутивни кривични дела, во најголем дел имаат донесено осудителни пресуди, од каде може да се констатира успех на обвинителите во однос на аргументирањето на обвинителните акти во текот на главниот претрес. Ако наведеното го поврземе со фактот дека сите приговори на обвинителниот акт се одбиени, ќе произлезе заклучокот дека обвинителите биле на потребното ниво. Сепак, од друга страна треба да се има предвид и податокот добиен при разговорите водени со судиите, кои се жалат на недоволно добро изготвени обвиненија и проблеми на кои наидуваат во комуникација со надлежните инситуции при барање на дополнителни докази, што укажува на фактот дека сепак е потребно подобрување на квалитетот на обвинителните акти.

- Судовите практикуваат релативно ниски санкции спрема сторителите на корупциски кривични дела. Таквиот начин на постапување не може да ја

заjакне генерално превентивната улога на казнувањето, а уште помалку специјалната.

- Првостепените судови при одлучувањето по корупциските предмети го почитувале принципот за судење во разумен рок. Имено, во 68 % од пресудените предмети судската одлука е донесена во период до шест месеци, што е за поздравување поаѓајки од специфичниот карактер на кривичните дела и начинот на докажување.

- Според мислењето на судиите, органите на прогонот не се во состојба успешно да ги идентификуваат корупттивните кривични дела, а со тоа истите да ги откријат и документираат.

**Препораки**

- Земено предвид дека главната цел на истрагата е собирање докази и податоци кои се потребни за донесување на одлука околу тоа дали има основа да се подигне обвинителен акт или не, обемот на истрагата не треба да биде ниту многу широк, ниту пак претесен, туку прилагоден на потребите на секој конкретен случај. Не треба да се очекува истрагата да даде одговор на сите прашања што се поставуваат во конкретниот спор, туку само да овозможи одлука за натамошниот тек на кривичната постапка, имајќи предвид дека на главниот претрес се утврдуваат сите потребни факти. Секако дека овде треба да се им на ум и ставот на судиите кои велат дека во коруптивните предмети честопати имаат потреба од прибирање на дополнителни докази што влијае врз ефикасноста на постапката. Имено, нивниот став е дека најголемиот дел од доказниот материјал треба да се собере во текот на истрагата и покрај фактот што на тој начин таа би траела подолго, ова со цел намалување на потребата од дополнителни докази на главниот претрес, а со тоа и одолговлекување на самата постапка.

- Да се почитува законската норма во врска со временскиот период од поднесување на обвинителен акт до закажување на првото рочиште.

- Да се води рестриктивна политика кон изрекувањето на притворот, како мерка за обезбедување присуство на обвинетиот, имено мерката притвор е изречена во 20 од набљудуваните предмети, но е применета за околу 50 % од обвинетите лица.

- Да се настојува траењето на мерката притвор да биде сведено на минимум, односно тој да се сведе само на неопходно потребното време.

- Судењето во отсуство да се спроведува само во исклучителни околности бидејки со непосредното присуство му се овозможува на обвинетиот целосен преглед на судењето и придонес во градењето на одбраната.

- Да се зголеми примената на мерките за привремено обезбедување и одземање на предмети и имот, поаѓајки од карактерот на кривичните дела и големите материјални користи што ги стекнуваат сторителите на делата.

- Да се настојува да се зголеми бројот на пресуди што веднаш се објавуваат, поаѓајки од фактот дека на ова поле има значаен пад во споредба со минатата година.

- Да се поттикне зголемувањето на успехот на овластените тужители преку поднесување на поаргументирани обвинителни акти, што во голема мера ја олеснува работата на судот и го намалува траењето на постапката.

- Потребно е судовите да обрнат внимание на казнената политика кон сторителите на коруптивни кривични дела. Имено се забележува изрекување на поблаги казни, најчесто околу посебниот законски минимум, што е во расчекор со настојувањата за посериозна заштита на добрата што се штитат со овие кривични дела.

- Мотивот за извршување на коруптивните кривични дела е материјалната добивка, затоа како контрамотив треба да дејствува одземањето на противправно стекнатиот имот, односно конфискацијата, а посебно проширената конфискација. Судовите треба почесто да ги применуваат овие инструменти, се разбира, откако ќе имаат јасно определена фактичка состојба.

- Да се задржи тенденцијата за пресудување во пократок временски период, односно судењето во разумен рок, што претставува имплементирање на еден од основните принципи на ЕКЧП.

- Да се настојува да се обезбедат соодветни финансиски средства за изготвување на вешти наоди и мислења (имаат големо влијание за правилно утврдување на фактичката состојба), со што ќе имаме почеста примена на вештачењето како доказно средство.
- Со цел подобрување на капацитетите на органите на прогонот околу идентификувањето на коруптивните дела и навременото документирање, со што во голема мера би го олесниле и натамошниот тек на постапката, се препорачува спроведување на обуки кај органите на прогонот на оваа тема.

**Користена литература:**


1. Калајџиев Гордан, Судската ефикасност во справувањето со корупцијата во Република Македонија, Коалиција „Сите за правично судење, Скопје февруари 2010,
2. Калајџиев Гордан, Стерјо Зиков, Богданчо Гогов, Нови односи меѓу полицијата, јавното обвинителство и судот во претходна постапка, МРКПК бр.1 2008, стр. 15 – 48,
3. Крапац, Д. Калајџиев, Г. Камбовски, В. Бужаровска, Г., Стратегија за реформа на казненото право на Република Македонија, Министерство за правда, Скопје 2007,
4. Luis Lopez Guerra (судија во Европскиот суд за човекови права), Неразумни одолговлекувања, Iustitia бр.3, 2010 година, Академија за обука на судии и јавни обвинители на Република Македонија, стр. 20 -26,
5. Марина Панта, Кривична постапка на СФРЈ, Култура Скопје 1979 год.,
6. Матовски Никола, Казнено процесно право, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје 2003,
7. Матовски Никола, Казнено процесно право, Посебен дел, Правен факултет „Јустинијан Први„ Скопје, „Втори Август – С Штип, Скопје 2004,
8. Сламков Ѓорги, Казнено процесно право, Европски универзитет, 2008 година,
9. Slamkov Gjorgi, The role of the State Commission for Prevention of Corruption in Implementing the Council of Europe's Criminal Law Convention, Crossroads The Macedonian Foreign Policy Journal Vol.II. No.3, May – November 2010,
10. Стевановиђ Чедомир, Казнено процесно право СФРЈ, Савремена администрација, Београд 1982 година
11. The Former Yugoslav Republic of Macedonia 2010 Progress Report, European Commission Brussels, 9 November 2010
12. Vasiljević Tihomir, Sistem krivičnog procesnog prava SFRJ, Savremena administracija, Beograd 1981,

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

343.192.03:343.352(497.7)"2010"

СЛАМКОВ, Ѓорѓи
Судската фкасност во справувањето со корупцијата : изветај од проектот "Програма за набљудување на судски предмети во врска со корупцијата во Република Македонија" / [Горѓи Сламков]. - Скопје : Коалиција на здруженија на граѓани "Сите за правично судење", 2011. - 64 стр. : граф. прикази ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 63

ISBN 978-608-4552-15-4

а) Кривично дело корупција - Судска ефикасност - Македонија - 2010
COBISS.MK-ID 87289610